"(4) Krahas gjobës nga paragrafi (3) i këtij neni, personit përgjegjës te personi juridik do t'i shqiptohet edhe sanksion kundërvajtës për kryerjen e detyrës në kohëzgjatje prej tre muajve deri në gjashtë muaj.".

Neni 10

Neni 56-b ndryshohet si vijon:

"(1) Gjobë me shumë prej 800 deri 1.000 euro në kundërvlerë me denarë për mikro tregtar, prej 1.500 deri 2.000 euro në kundërvlerë me denarë për tregtar të vogël, prej 3.000 deri 6.000 euro në kundërvlerë me denarë për tregtar të mesëm dhe prej 8.000 deri 10.000 euro në kundërvlerë me denarë për tregtar të madh do t'i shqiptohet personit juridik i cili punon në ndërmjetësim gjatë mikro pagesave pa pëlqimin e guvernatorit të Bankës Popullore.

(2) Krahas gjobës nga paragrafi (1) i këtij neni personit juridik do t'i shqiptohet edhe sanksion kundërvajtës ndalim për kryerjen e veprimtarisë në kohëzgjatje prej tre muajve deri në dy vjet.

(3) Në rast kur kundërvajtja nga paragrafi (1) i këtij neni është kryer nga lakmia ose me kundërvajtjen është shkaktuar dëm më i madh pronësor, personit juridik do t'i shqiptohet gjobë me shumë të dyfishtë të shumës maksimale nga paragrafi (1) i këtij neni ose në raport me shumën e dobisë së shkaktuar ose të marrë pronësore, me më së shumti deri në shumën e dhjetëfishtë nga shuma e paragrafit (1) të këtij neni.

(4) Gjobë me shumë prej 250 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit fizik përkatësisht tregtarit-individ i cili kryen punë të ndërmjetësimit gjatë mikropagesave në pajtim me guvernatorin e Bankës Popullore.

(5) Gjobë në shumë prej 300 deri 500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit përgjegjës në personin juridik për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni.

(6) Krahas gjobës nga paragrafi (5) i këtij neni personit përgjegjës te personi juridik do t'i shqiptohet edhe sanksion kundërvajtës ndalim për kryerjen e detyrës në kohëzgjatje deri në një vit.

(7) Në rast kur kundërvajtja nga paragrafi (1) i këtij neni është kryer nga lakmia ose me kundërvajtjen është shkaktuar dëm më i madh pronësor, personit përgjegjës te personi juridik do t'i shqiptohet gjobë me shumë të dyfishtë të shumës maksimale nga paragrafi (5) i këtij neni ose në raport me shumën e dobisë së shkaktuar ose të marrë pronësore, por më së paku deri në shumën e dhjetëfishtë nga shuma e paragrafëve (4) dhe (5) të këtij neni.".

Neni 11

Neni 56-v shlyhet.

Neni 12

Në nenin 56-g fjalët: "nga nenet 51, 52 dhe 56-b të" zëvendësohen me fjalët: "të përcaktuar me".

Neni 13

Në nenin 56-d në paragrafin (1) fjalët: "nga nenet 50, 53, 54, 55, 56 dhe 56-a të" zëvendësohen me fjalët: "të përcaktuara me".

Paragrafi (3) shlyhet.

Në paragrafin (4) i cili bëhet paragraf (3) numri "3" zëvendësohet me numrin "2".

Në paragrafin (5) i cili bëhet paragraf (4) fjalët: "Republika e Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: "Republika e Maqedonisë së Veriut".

Neni 14

Në nenin 56-gj fjalët: "për personin juridik përkatësisht për tregtar individ" shlyhen.

Neni 15

Procedurat kundërvajtëse të filluara deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të kryhen sipas Ligjit për qarkullim pagesor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 dhe 7/19).

Neni 16

Në Ligjn për ndryshimin e Ligjit për qarkullim pagesor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 7/19), në nenin 1 fjalët: "31 dhjetor 2019" zëvendësohen me fjalët: "31 dhjetor 2021".

Neni 17

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**583.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ТРГОВИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за електронска трговија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 4 февруари 2020 година.

Бр. 08-1102/1
4 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ТРГОВИЈА**

Член 1

Во Законот за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија" број 133/2007, 17/11, 104/15 и 192/15), во членот 22 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 2.500 до 4.000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правното лице давател на услуги на информатичко општество, ако: ".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 200 до 300 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 300 до 400 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му биде изречена на одговорното лице во правното лице, давател на услуги на информатичко општество, за дејствијата од ставот (1) на овој член.".

Ставот (3) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице давател на услуги на информатичко општество, за прекршоците од ставот (1) на овој член.".

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец поединец давател на услуги на информатичко општество, за прекршоците од ставот (1) на овој член.".

Член 2

Во членот 22-а став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 600 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правното лице давател на услуги на информатичко општество, ако: ".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 150 до 250 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 250 до 350 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 350 до 500 во денарска противвредност за големи трговци ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице, давател на услуги на информатичко општество, за дејствијата од ставот (1) на овој член.".

Ставот (3) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице давател на услуги на информатичко општество, за прекршоците од ставот (1) на овој член.".

Ставот (4) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец поединец давател на услуги на информатичко општество, за прекршоците од ставот (1) на овој член.".

Ставот (5) се менува и гласи:

„За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице давател на услуги на информатичко општество ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до две години.".

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Покрај глобата од ставот (2) на овој член, на одговорното лице во правното лице давател на услуги на информатичко општество ќе се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење до една година, за повторување на прекршоците од ставот (1) на овој член.

(7) Покрај глобата од ставот (4) на овој член, на трговец поединец давател на услуги на информатичко општество ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење до една година, за повторување на прекршоците од ставот (1) на овој член.".

Член 3

Членот 22-б се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членовите 22 и 22-а од овој закон, на правното лице, давател на услуги на информатичко општество, надлежниот инспектор или овластеното лице за вршење на непосреден надзор, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка ќе спроведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.".

Член 4

Членот 22-г се менува и гласи:

„Одмерувањето на висината на глобите на правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.".

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TREGTI ELEKTRONIKE**

Neni 1

Në Ligjin për tregti elektronike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 133/2007, 17/11, 104/15 dhe 192/15), në nenin 22 paragrafi 1 fjalia hyrëse ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 300 deri në 500 euro, në kundërvlerë me denarë për mikro tregtarë, nga 600 deri në 1.000 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të vogël, nga 1.500 deri në 2.500 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të mesëm dhe nga 2.500 deri në 4.000 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të mëdhenj, do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik dhënës i shërbimeve të shoqërisë informatike, nëse:".

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 50 deri në 100 euro, në kundërvlerë me denarë për mikro tregtarë, nga 100 deri në 200 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të vogël, nga 200 deri në 300 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të mesëm dhe nga 300 deri në 400 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të mëdhenj, do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik dhënës i shërbimeve të shoqërisë informatike, për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni:".

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 50 deri në 200 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik dhënës i shërbimeve informatike, për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni."

Pas paragrafit (3) shtohet paragraf i ri (4), si vijon:

"(4) Gjobë në shumë prej 100 deri në 200 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik dhënës i shërbimeve informatike, për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni.".

Neni 2

Në nenin 22 në paragrafin (1) fjalia hyrëse ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 500 deri në 600 euro, në kundërvlerë me denarë për mikro tregtarë, nga 1.000 deri në 1.500 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të vogël, nga 2.000 deri në 3.000 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të mesëm dhe nga 3.500 deri në 5.000 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të mëdhenj, do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik dhënës i shërbimeve të shoqërisë informatike, nëse:".

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 100 deri në 150 euro, në kundërvlerë me denarë për mikro tregtarë, nga 150 deri në 250 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të vogël, nga 250 deri në 350 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të mesëm dhe nga 350 deri në 500 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarë të mëdhenj, do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik dhënës i shërbimeve të shoqërisë informatike, për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni:".

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 100 deri në 250 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik dhënës i shërbimeve informatike, për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni."

Paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 150 deri në 250 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet tregtarit individ dhënës i shërbimeve informatike, për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni.".

Paragrafi (5) ndryshohet si vijon:

"Për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni personit juridik dhënës i shërbimeve të shoqërisë informatike do t'i shqiptohet edhe sanksion për kundërvajtje për kryerje të veprimtarisë së caktuar në kohëzgjatje prej tre muajsh deri në dy vite."

Pas paragrafit (5) shtohen dy paragrafë të rinj (6) dhe (7), si vijojnë:

"(6) Krahas gjobës nga paragrafi (2) i këtij neni, personit përgjegjës në personin juridik dhënës i shërbimeve të shoqërisë informatike do t'i shqiptohet edhe sanksion për kundërvajtje ndalim të kryerjes së profesionit, veprimtarisë ose detyrës në kohëzgjatje deri në një vit, për përsëritje të kundërvajtjeve nga paragrafi (1) i këtij neni.

(7) Krahas gjobës nga paragrafi (4) i këtij neni, tregtarit individ dhënës i shërbimeve të shoqërisë informatike do t'i shqiptohet edhe sanksion për kundërvajtje ndalim të kryerjes së profesionit, veprimtarisë ose detyrës në kohëzgjatje deri në një vit, për përsëritje të kundërvajtjeve nga paragrafi (1) i këtij neni.".

Neni 3

Neni 22-b ndryshohet si vijon:

"Për kundërvajtjet e konstatuara në nenet 22 dhe 22-a e këtij ligji, personit juridik, dhënës i shërbimeve të shoqërisë informatike, inspektori kompetent ose personi i autorizuar për kryerje të mbikëqyrjes së drejtpërdrejtë, para parashtrimit të kërkesës për ngritje të procedurës për kundërvajtje do të zbatojë procedurë për barazim me lëshim të urdhërpagesës për kundërvajtje në pajtim me Ligjin për kundërvajtje.".

Neni 4

Neni 22 ndryshohet si vijon:

"Përcaktimi i lartësisë së gjobave të personit juridik bëhet në pajtim me Ligjin për kundërvajtje.".

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

**584.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТАКСАТА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за таксата за привремен престој,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 4 февруари 2020 година.

Бр. 08-1103/1
4 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТАКСАТА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ

Член 1

Во Законот за таксата за привремен престој („Службен весник на Република Македонија" број 19/1996, 26/2002, 51/2003, 88/2008, 17/11 и 192/15), членот 10-а се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членовите 11 и 11-а прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

За прекршоците утврдени во членот 12 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, преку Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија).

Против одлуките на Прекршочната комисија од ставот 2 може да се поднесе правен лек до надлежниот орган согласно со Законот за прекршоците.".

Член 2

Членот 11 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, микро трговец, кое дава услуги на туристи и патници, ако наплатената такса за привремен престој не ја уплати согласно со членот 8 од овој закон.

Глоба во износ од 100 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е среден трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е голем трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 на овој член.".

Член 3

Членот 11-а се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, микро трговец, кое дава услуги на туристи и патници, ако во секој одделен случај не наплати такса за привремен престој истовремено со наплатата на сметката за извршената услуга за ноќевања, одделно не го искажува износот на наплатената такса и причините за ослободување или намалување на плаќањето на таксата за привремен престој согласно со членот 7 од овој закон.

Глоба во износ од 100 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е среден трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е голем трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, на сторителот од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење угостителска или туристичка дејност, во траење од најмалку три месеци до најмногу шест месеци.".

Член 4

Членот 12 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице регистрирано за вршење угостителска и туристичка дејност за сместување туристи и патници, за прекршоците утврдени со членовите 11 став 1 и 11-а став 1 од овој закон.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, на физичкото лице, овластениот инспектор на општината, односно овластениот инспектор на градот Скопје, ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, за плаќање на глобата во определениот износ, во рок од осум дена од денот на врачување на прекршочниот платен налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 2 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, доколку физичкото лице не ја плати глобата во рокот од ставот 2 на овој член, овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочна комисија.

Овластениот инспектор на општината, односно овластениот инспектор на градот Скопје, се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 5 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 6 на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за економија.".

Член 5

Во член 12-а став 1 зборовите: „на правното лице, односно на трговецот поединец" се бришат.

Ставот 6 се менува и гласи:

„Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот 3 на овој член, за прекршокот од членовите 11 и 11-а од овој закон, државниот пазарен инспектор, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.".

Ставот 7 се брише.

Ставовите 8, 9 и 10 стануваат ставови 7, 8 и 9.

Член 6

Во член 12-б зборовите: „односно на трговецот поединец" се бришат.

Член 7

Во целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR TAKSË PËR QËNDRIM TË PËRKOHSHËM

Neni 1

Në Ligjin për taksë për qëndrim të përkohshëm („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 19/1996, 26/2002, 51/2003, 88/2008, 17/11 dhe 192/15), neni 10-a ndryshohet si vijon:

"Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenet 11 dhe 11-a të këtij ligj, procedurë për kundërvajtje udhëheq dhe sanksion për kundërvajtje shqipton gjykata kompetente.

Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenin 12 të këtij ligji, procedurë kundërvajtëse udhëheq dhe sanksione për kundërvajtje shqipton organi i administratës shtetërore kompetent për punët në fushën e turizmit, nëpërmjet Komisionit për Vendimmarrje për Kundërvajtje (në tekstin në vijim: Komisioni për Kundërvajtje).

Kundër vendimeve të Komisionit për Kundërvajtje nga paragrafi 2 mund të parashtrohet mjet juridik në organin kompetent në pajtim me Ligjin për kundërvajtje.".

Neni 2

Neni 11 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 100 deri në 800 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik, mikro tregtar, i cili u ofron shërbime turistëve dhe udhëtarëve, nëse taksën e arkëtuar për qëndrim të përkohshëm nuk e paguan në pajtim me nenin 8 të këtij ligi.

Gjobë në shumë prej 100 deri 1.500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik, i cili është tregtar i vogël, për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni.

Gjobë në shumë prej 250 deri 2.000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik, i cili është tregtar i mesëm, për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni.

Gjobë në shumë prej 500 deri 2.500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik, i cili është tregtar i madh, për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 deri 500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit përgjegjës te personi juridik, për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 deri 250 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.".

Neni 3

Neni 11-a ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 100 deri në 1.000 euro në kundër vlerë me denarë, do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik, mikro tregtar, i cili ofron shërbime turistëve dhe udhëtarëve, nëse në çdo rast të veçantë nuk arkëton taksë për qëndrim të përkohshëm njëkohësisht me arkëtimin e llogarisë për shërbimin e kryer për bujtje, në mënyrë të veçantë nuk e paraqet shumën e taksës së arkëtuar dhe shkaqet për lirim ose zvogëlimin e pagesës së taksës për qëndrim të përkohshëm në pajtim me nenin 7 të këtij ligji.

Gjobë në shumë prej 100 deri 2.000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik, i cili është tregtar i vogël, për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni.

Gjobë në shumë prej 250 deri 3.000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik, i cili është tregtar i mesëm, për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni.

Gjobë në shumë prej 500 deri 4.000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik, i cili është tregtar i madh, për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 deri 500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit përgjegjës te personi juridik, për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 deri 250 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Për kundërvajtjt nga paragrafi 1 të këtij neni, kryerësit nga paragrafët 1, 2, 3 dhe 4 të këtij neni do t'i shqiptohet edhe sanksion për kundërvajtje, ndalim i përkohshëm për ushtrimin e veprimtarisë hotelerike ose turistike, në kohëzgjatje prej së paku tre muaj deri më së shumti gjashtë muaj.".

Neni 4

Neni 12 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 100 deri në 250 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik të regjistruar për ushtrimin e veprimtarisë hotelerike dhe turistike për vendosjen e turistëve dhe udhëtarëve, për kundërvajtjet e përcaktuara në nenet 11 paragrafi 1 dhe 11-a paragrafi 1 të këtij ligji.

Për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni, personit fizik, inspektorit të autorizuar komunal, respektivisht inspektorit të autorizuar të qytetit të Shkupit, do të realizojnë procedurë për barazim me lëshimin e urdhërpagesës për kudërvajtje, për pagesën e gjobës në shumë të caktuar, në afat prej tetë ditësh nga dita e dorëzimit të urdhërpagesës për kundërvajtje.

Kryerësi i kundërvajtjes që do ta paguajë gjobën në afatin nga paragrafi 2 të këtij neni, do ta paguajë gjysmën e gjobës së shqiptuar, për të cilën të drejtë udhëzohet me mjet juridik.

Në procedurën e cila do të përfundojë me pagesë të urdhërpagesës për kundërvajtje nuk paguhen shpenzime për procedurën.

Për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni, nëse personi fizik nuk e paguan gjobën në afatin nga paragrafi 2 të këtij neni, inspektori i autorizuar i komunës dhe inspektori i autorizuar i qytetit të Shkupit paraqet kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje në Komisionin për Kundërvajtje.

Inspektori i autorizuar i komunës, respektivisht inspektori i autorizuar i qytetit të Shkupit, janë të detyruar të mbajnë evidencë për urdhërpagesat e lëshuara për kundërvajtje dhe për rezultatin e procedurave të filluara.

Në evidencën nga paragrafi 5 të këtij neni mblidhen, përpunohen dhe ruhen këto të dhëna: emri dhe mbiemri, respektivisht emri i kryerësit të kundërvajtjes, vendbanimi, respektivisht vendqëndrimi, selia, lloj i kundërvajtjes,numri i urdhërpagesës për kundërvajtje që i lëshohet dhe rezultati i procedurës.

Të dhënat personale nga paragrafi 6 i këtij neni ruhen pesë vite nga dita e futjes në evidencë.

Formën dhe përmbajtjen e urdhërpagesës për kundërvajtje, i përcakton ministri i Ekonomisë.".

Neni 5

Në nenin 12-a, në paragrafin 1 fjalët: "për personin juridik, respektivisht për tregtar individual" fshihen.

Paragrafi 6 ndryshon si vijon:

"Nëse kryerësi i kundërvajtjes nuk e paguan gjobën në afatin nga paragrafi 3 të këtij neni, për kundërvajtje nga nenet 11 dhe 11-a të këtij ligji, Inspektorati Shtetëror i Tregut, paraqet kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje në gjykatën kompetente.".

Paragrafi 7 shlyhet.

Paragrafët 8, 9 dhe 10 bëhen paragrafë 7, 8 dhe 9."

Neni 6

Në nenin 12-b falët: "përkatësisht tregtar individual" shlyhen.

Neni 7

Në gjithë tekstin e Ligjit fjalët: "Republika e Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: "Republika e Maqedonisë së Veriut".

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**585.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за угостителската дејност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 4 февруари 2020 година.

Бр. 08-1104/1
4 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" број 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), членот 67-а се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:

1) дејноста ја врши без да е запишан во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје (член 4 став 2);

2) давањето на собите, апартманите, куќите и становите за одмор не го врши преку туристичка агенција и туристичко биро врз основа на договор (член 48);

3) давањето на угостителските услуги во куќи, апартмани и соби за одмор го врши спротивно на членот 51 од овој закон;

4) угостителските услуги во селските домаќинства ги врши спротивно на членот 53 ставови 1 и 2 од овој закон;

5) изнајмува соби, апартмани, куќи за одмор спротивно на членот 46 став 1 точка 1 од овој закон;

6) дава услуги на појадок спротивно на членот 46 став 1 точка 3 од овој закон;

7) членот на домаќинството или лицата кои им помагаат на членовите на домаќинството не ги исполнуваат здравствените услови за работа во угостителството во смисла на членот 52 став 2 од овој закон;

8) користи ознака без добиено решение (член 53-в став 5);

9) дава услуги во сидришта и пристаништа, како и кога пловниот објект кружи надвор од сидриштето и пристаништето на лица кои не се наоѓаат на пловниот објект заради превоз (член 54 став 4);

10) на видно место не го истакне називот на услугите кои ги дава од членот 51 став 1 точка 2 од овој закон;

11) не води книга на евиденција на гостите (член 51 став 1 точка 5);

12) дава услуги во пловни објекти за повеќе од 20 гости истовремено (член 54 став 3);

13) објектите во кои се даваат конфекционирани угостителски услуги не ги исполнуваат минимално-техничките услови и другите услови пропишани со закон (член 41 став 1);

14) конфекционираните угостителски услуги се вршат на места кои не се одобрени од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје (член 41 став 2);

15) покрај јадења во конфекционирана состојба се послужуваат и други јадења (член 41 став 3) и

16) објектите за давање на угостителските услуги не ги исполнуваат минимално-техничките услови од членот 47 став 1 од овој закон.

За прекршоците од ставот 1 на овој член на физичкото лице, овластениот инспектор на општината, односно овластениот инспектор на градот Скопје, ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, за плаќање на глобата во определениот износ, во рок од осум дена од денот на врачување на прекршочниот платен налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 2 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

За прекршоците од ставот 1 на овој член прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, преку Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија).

За прекршоците од ставот 1 на овој член, доколку физичкото лице не ја плати глобата во рокот од ставот 2 на овој член, овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочна комисија.

Овластениот инспектор на општината, односно овластениот инспектор на градот Скопје, се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 5 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 6 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за економија.".

Член 2

Членот 68 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, микро трговец, ако:

1) нема доказ дека е пријавено исполнувањето на условите од членот 6 став 1 од овој закон и започнувањето со работа на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект (член 7 став 1);

2) нема доказ дека е пријавена промената на условите од членот 6 став 1 од овој закон Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, во рок од 15 дена од денот на настанатите промени (член 7 став 2);

3) постапува спротивно на должностите предвидени во членот 34;

4) истакнува, огласува и рекламира услуги на угостителски објекти спротивно на решението за извршената категоризација (член 32 став 2);

5) не истакне на видно место на влезот на угостителскиот објект - ноќен бар и кабаре, табла со димензии 20x50 см со содржина „лица со возраст под 18 години немаат право на посета" (член 35 став 1 точка 3);

6) не ги истакне цените согласно со членот 35 став 1 точка 2 од овој закон;

7) не истакне на видно место во угостителскиот објект натпис со содржина „лица со возраст под 18 години не се послужуваат со алкохолни пијалаци" (член 37 став 2).

Глоба во износ од 100 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е среден трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е голем трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, државниот пазарен инспектор на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог во согласност со одредбите од Законот за прекршоците и овој закон.

По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати изречената глоба во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, доколку правното лице од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член и физичкото лице од ставот 6 на овој член не ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочна комисија.".

Член 3

Членот 68-а се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, микро трговец, ако:

1) врши угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје за користење на просторот (член 12 став 3);

2) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 35 став 1 точка 7);

3) нема доказ за извршената промена на категоријата на угостителскиот објект во смисла на членот 33 став 3 од овој закон;

4) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот (член 26 став 1);

5) на видно место во угостителскиот објект или во менито не го истакне телефонскиот број на Државниот пазарен инспекторат (член 35 став 1 точка 12);

6) во сите пропагандни материјали не ги означи видот и категоријата на објектот (член 35 став 1 точка 14);

7) не го пропише и истакне куќниот ред во сите објекти за сместување (член 35 став 1 точка 10);

8) не го пропише и истакне куќниот ред во сите објекти за сместување (член 35 став 1 точка 9);

9) на видно место во угостителскиот објект или во менито да го истакне телефонскиот апарат на Државниот пазарен инспекторат (член 35 став 1 точка 13);

10) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои може да се користат (член 35 став 1 точка 7).

Глоба во износ од 100 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е среден трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е голем трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, државниот пазарен инспектор на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог во согласност со одредбите од Законот за прекршоците и овој закон.

По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати изречената глоба во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, доколку правното лице од ставовите 1, 2 и 3 на овој член и физичкото лице од ставот 6 на овој член не ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочна комисија.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, доколку правното лице од ставот 4 на овој член не ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.".

Член 4

Членот 69 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, микро трговец, ако:

1) угостителската дејност се врши без да се исполнети пропишаните минимално-технички услови, санитарно-хигиенски и здравствени услови, условите за заштита при работа, заштита и унапредување на животна средина, противпожарната заштита и условите за заштита од бучава (член 6 ставови 1 и 2);

2) угостителската дејност се врши во деловни објекти или простори каде се врши друга дејност без да се исполнети пропишаните услови за вршење на друга дејност (член 12 став 2);

3) користи ознака национален ресторан - меана без добиено решение согласно со членот 19-в став 4 од овој закон;

4) започне со работа во угостителскиот објект без добиена категорија (член 32 став 1);

5) не ги утврди нормативите за храна и пијалаци кои ги послужува и не им овозможи на корисниците увид во тие нормативи (член 35 став 1 точка 8);

6) не ги достави нормативите за храна на заверка на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на град Скопје и угостителските услуги не ги пружа во соодветна количина и квалитет според утврдените нормативи (член 35 став 1 точка 9);

7) не ги дава угостителските услуги вклучени во туристичкиот пакет-аранжман во угостителските објекти за сместување преку организаторите на патување или посредниците, односно туристичките агенции (член 35 став 1 точка 12);

8) послужува алкохолни пијалаци од 07,00 до 10,00 часот (член 38 став 1);

9) да ги одржува просториите и опремата и да дава услуги во угостителскиот објект според пропишаните минимално-технички услови, како и условите на категоризација за видовите објекти за кои е предвидена категоризација утврдена со решение на Комисијата за категоризација или според пропишаните критериуми за означување посебни ознаки со решение на давателот на ознаката (член 35 став 1 точка 1);

10) не води книга на гостите во угостителскиот објект за сместување (член 35 став 1 точка 9)

11) не се придржува на истакнатите цени (член 35 став 1 точка 4);

12) не поседува документи за набавените производи (фактури, сметки испратници и слично (член 35 став 1 точка 5));

13) за секоја дадена услуга не издава сметка со спецификација на услугите од фискална каса (член 35 став 1 точка 6).

Глоба во износ од 100 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е среден трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е голем трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, државниот пазарен инспектор на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог во согласност со одредбите од Законот за прекршоците и овој закон.

По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати изречената глоба во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, доколку правното лице од ставовите 1, 2 и 3 на овој член и физичкото лице од ставот 6 на овој член не ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочна комисија.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, доколку правното лице од ставот 4 на овој член не ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.".

Член 5

Член 69-а се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, микро трговец, ако на видно место во угостителскиот објект не ја истакне обврската за ангажирање домашен туристички водич при организиран престој на странски туристи, на начин утврден со Законот за туристичка дејност (член 35 став 1 точка 13).

Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е среден трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е голем трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, државниот пазарен инспектор на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог во согласност со одредбите од Законот за прекршоците и овој закон.

По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати изречената глоба во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, доколку правното лице од ставовите 1 и 2 на овој член и физичкото лице од ставот 6 на овој член не ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочна комисија.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, доколку правното лице од ставовите 3 и 4 на овој член не ја плати глобата во рокот од ставот 8 на овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.".

Член 6

Членот 70 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, микро трговец, ако:

1) угостителската дејност се врши без упис во трговскиот регистар (член 4 став 1);

2) угостителската дејност се врши во угостителски објекти ноќен бар, кабаре и диско клуб без лиценца (член 20 став 1);

3) не се придржува кон пропишаното работно време (член 26 став 2);

4) ја пренесе лиценцата (член 22 став 2);

5) послужува алкохол и алкохолни пијалаци на лица под 18 години (член 37 став 1) и

6) продава и послужува храна и алкохолни пијалаци и пушта музика после 24,00 часот (член 38 став 2).

Глоба во износ од 100 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Во ставот 3 зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите: „надлежен орган согласно со Законот за прекршоците“.

Член 4

Членот 66-а се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членовите 67, 68 и 70 ставови 1, 2, 3 и 6 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, преку Комисија за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: Прекршочна комисија).

За прекршоците од членот 70 став 4, членови 71 и 71-в прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Против одлуката на Прекршочната комисија од ставот 1 на овој член се води постапка согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 5

Членот 67 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако:

1) не е регистриран за вршење на туристичка дејност (член 3 став 2 и член 51 став 2);

2) не организира туристичко патување за своите членови и членовите на нивното потесно семејство преку туристички агенции, јавно ги огласува и рекламира туристичките патувања (член 6 став 1);

3) врши дејност на туристички водич, лице кое е стручен работник кој ја врши дејноста водич на своето работно место кај правни лица во деловниот објект во кој работи (музеј, галерија, национален парк и сл.), стручен работник на туристичката агенција која придружува група туристи во место, водич во планина и пештера, водич на лов и риболов, како и водич или придружник на екскурзии и излети (член 39 став 2) и

4) врши дејност туристички водич или туристички придружник без положен соодветен стручен испит (член 40 став 2 и член 45-а став 1).

За прекршоците од ставот 1 на овој член, на физичкото лице, овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје, ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, за плаќање на глобата во определениот износ, во рок од осум дена од денот на врачување на прекршочниот платен налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 2 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, доколку физичкото лице не ја плати глобата во рокот од ставот 2 на овој член, овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочна комисија.

Овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 4 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 5 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за економија.“.

Член 6

Членот 68 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, микро трговец, ако:

1) не го извести со посебен образец ДПИ и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку 8 дена пред почетокот на вршењето на дејноста (член 9 став 1);

2) на влезот на деловниот простор не ја истакне фирмата (член 15 став 1 точка 1);

3) назнаката “туристичка агенција”, “патничка агенција” и вообичаените изрази какви што се “Тоурс” и “Травел” и слично, во фирмата не ги користат туристичките агенции (член 15 став 1 точка 2);

4) за продажба на авио билети туристичката агенција нема вработено лице со ИАТА сертификат (член 15 став 1 точка 11);

5) на видно место во туристичката агенција не ја истакне лиценцата (член 15 став 1 точка 12);

6) не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги (член 15 став 1 точка 13);

7) на видно место на влезот на туристичкиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 15 став 1 точка 16);

8) при организирање на туристичките патувања, во патничките програми кои вклучуваат спортско-рекреативни, авантуристички и екстремни активности, освен ангажирање туристички водичи, не ангажира и стручно оспособени лица за такви активности (член 19-а);

9) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот и не се придржува на истакнатото работно време (член 56);

10) не ги исполнува пропишаните минимално-технички услови (член 8 став 1);

11) деловниот простор се користи и за друга намена (домување и производство), спротивно на одредбите на членот 10 став 2 од овој закон;

12) на барање на корисникот на услугите не му даде информација во кое својство настапува и колкави се неговите овластувања, ако застапува друга туристичка агенција (член 15 став 1 точка 4);

13) во промотивните печатени материјали, како и во сите работни документи видливо не се истакне фирмата и седиштето на туристичката агенција (член 15 став 1 точка 6);

14) не се придржува при продажбата и реализацијата на договорот и програмата на туристичкиот аранжман (член 15 став 1);

15) договорот не ги содржи елементите предвидени во членот 16 од овој закон;

16) туристичкиот ваучер не ги содржи елементите предвидени во членот 17 став 3 од овој закон и

17) не ја пријави промената на содржината на лиценцата (член 29).

Глоба во износ од 100 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, кое е среден трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, кое е голем трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 на овој член.“.

Член 7

Член 70 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, микро трговец, ако:

1) деловницата на туристичката агенција врши активности спротивно на лиценцата што ја поседува туристичката агенција (член 11 став 2);

2) склучи договор со сообраќајни претпријатија чии превозни средства не ги исполнуваат условите определени со пропис од областа на јавниот патен сообраќај (член 15 точка 7);

3) склучува договори и презема други деловни активности со угостителски правни субјекти кои не поседуваат лиценца и категоризација на објектот (член 15 став 1 точка 8);

4) не чува како деловна тајна сè што знае за корисникот на услугите и без негово одобрение, освен во законски пропишаните услови, ја даде адресата на корисникот на услугата, местото и времето на патувањето, престојот, уплатената цена, како и името на неговиот сопатник (член 15 став 1 точка 9);

5) не се придржува кон утврдените услови во договорите кои ги воспоставува со корисниците на услуги и третото лице како давател на услуги (член 15 став 1 точка 10);

6) за секоја продадена услуга или аранжман не издаде сметка од фискална каса, како и туристички ваучер за сместување и други услуги на корисникот на услугите (член 15 став 1 точка 14);

7) вршителите на туристичка дејност при организирањето на туристичките патувања во странство со автобус се должни да обезбедат превозното средство да ги исполнува условите согласно прописите од областа на јавниот патен сообраќај и да има клима-уред, разладен фрижидер, веце и разгласен микрофон (член 19);

8) изврши зголемување на цената утврдена во договорот 20 дена пред договорениот ден за започнување за користење на туристичките услуги (член 20);

9) не му ја врати целата сума која ја платил по договорот, освен во случаите што се предвидени во членовите 21 став 1 точка 2 од овој закон;

10) не постапи во смисла на членот 21 ставови 2 и 3 од овој закон;

11) при реализација на туристички аранжман или патување, или престој во странство на малолетните лица не им овозможи информации за воспоставување на директен контакт со детето и лицето одговорно за давање услуги на детето во местото на патување и престој (член 23 став 2) и

12) при реализација на туристичкиот аранжман, или патување, или престој во странство нема докази дека поседува лиценца (копија заверена од нотар), договори со сместувачките објекти во странство и доказ за извршено плаќање на сместувачки и други услуги преку соодветна банкарска институција (член 24).

Глоба во износ од 100 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, кое е среден трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, кое е голем трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Член 8

Член 71 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, микро трговец, ако:

1) не организира туристичко патување за своите членови и членовите на нивното потесно семејство преку туристички агенции, јавно ги огласува и рекламира туристичките патувања (член 6 став1);

2) врши активности спротивно на одредбите од членот 37 од овој закон;

3) врши дејност без да е регистриран во трговскиот регистар (член 3 став 1);

4) не склучи договор со корисникот на услугата во која ќе бидат јасно определени условите и начинот на давање на услугите (член 15 став 1 точка 5);

5) нема лиценца за вршење на туристичка дејност (член 25 став 1);

6) имателот на лиценца “А” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 31 од овој закон;

7) имателот на лиценцата “Б” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 32 од овој закон и

8) странска туристичка агенција која носи туристи во Република Северна Македонија, без посредство на домашна туристичка агенција со лиценца “А”, или без склучен договор со туристички водич во Република Северна Македонија, не постапи согласно со членот 39 став 2 од овој закон.

Глоба во износ од 100 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, кое е мал трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, кое е среден трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, кое е голем трговец, за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му биде изречена и на одговорното лице на странската туристичка агенција, за организирана група туристи, за дејствијата од ставот 1 точка 8 на овој член.“.

Член 9

Во член 71-б зборовите: „односно на трговецот поединец“ се бришат.

Член 10

По членот 79 се додава нов член 79-а, кој гласи:

„Член 79-а

Одредбите на членот 3 ставови 4, 5 и 6 и членот 40 став 1 точка 3 и ставови 3 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.“.

Член 11

Во членот 15 став 1 точката 3, членот 25 став 4, членот 33-а став 5, членот 37-а став 1, членот 39 ставови 1 и 3, членот 41 став 5, членот 44 став 5, членот 45 став 1, членот 45-а став 5, членот 48 став 5, членот 57 ставови 1 и 3, членот 63 став 1 точка 1, членот 71 став 1 точка 8 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR VEPRIMTARI TURISTIKE

Neni 1

Në Ligjin për veprimtari turistike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 62/2004, 89/2008, 12/2009, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15 dhe 53/16), në nenin 3 pas paragrafit 3 shtohen tre paragrafë të rinj 4, 5 dhe 6, si vijojnë:

"Veprimtari turistike mund të ushtrojnë persona juridikë dhe fizikë të themeluar dhe regjistruar për dhënie të shërbimeve turistike në shtete nga Hapësira evropiane ekonomike në pajtim me rregullat për të drejtë të themelimit dhe lirisë së dhënies së shërbimeve, nëse i plotësojnë kushtet për dhënie të shërbimeve turistike të përcaktuara me këtë ligj.

Para fillimit me dhënie të shërbimeve, personat juridikë nga paragrafi 4 të këtij neni dërgojnë te organi i administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e turizmit njoftim për fillim me dhënie të shërbime, në të cilat ka detaje për personin juridik, seli, dëshmi për veprimtari të regjistruar, numër tatimor, adresë të të gjitha zyrave në të cilat jepen shërbime turistike, person udhëheqës, dëshmi për plotësim të kushteve për person udhëheqës, dëshmi për sigurim nga përgjegjësia dhe të njoftojë dhe dorëzojë dëshmi për çfarëdo qoftë ndryshim të të dhënave të dhëna në afat prej tetë ditë nga dita e ndryshimit.

Personi juridik nga paragrafi 4 i këtij neni, përkatësisht çdo zyrë afariste, regjistrohet në regjistrin të cilini e mban organi i administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e turizmit në bazë të njoftimit nga paragrafi 5 të këtij neni.".

Neni 2

Neni 40 ndryshohet si vijon:.

"Për dhënie të shërbimit të udhërrëfyesit turistik, udhërrëfyesi turistik doemos duhet t'i plotësojë këto kushte:

1) të jetë shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe

2) të ketë vendbanim në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut ose

3) të jetë shtetas dhe të ketë vendbanim në territorin e shteteve nga Hapësira ekonomike evropiane.

Udhërrëfyesi turistik doemos duhet të ketë së paku përgatitje të mesme profesionale dhe provim të dhënë profesional për udhërrëfyes turistik.

Udhërrëfyesit turistikë të cilët janë shtetas të shteteve nga Hapësira evropiane ekonomiste mund përkohësisht të japin shërbime të udhërrëfyesit turistik në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pajtim me rregullat për pranim të kualifikimeve profesionale për dhënie të shërbime për udhërrëfyes turistikë, përveç për ose në vende (lokalitete) të mbrojtura.

Me përjashtim nga paragrafi 1 të këtij neni, shërbime të udhërrëfyesit turistik mund të japin shtetas të vende të cilat nuk janë shtete nga Hapësira evropian ekonomike, me vendbanim në Republikën e Maqedonisë së Veriut, nëse i plotësojnë kërkesat për udhërrëfyes turistik të përcaktuara me këtë ligj.".

Neni 3

Në nenin 65 në paragrafin 2 fjalët: “Komision shtetëror për vendosje në shkallë të dytë në sferën e mbikëqyrjes inspektuese dhe procedurës së kundërvajtjes" zëvendësohen me fjalët: “organ kompetent në pajtim me Ligjin për kundërvajtjet".

Në nenin 3 fjalët: “Komision shtetëror për vendosje në shkallë të dytë në sferën e mbikëqyrjes inspektuese dhe procedurës së kundërvajtjes" zëvendësohen me fjalët: “organ kompetent në pajtim me Ligjin për kundërvajtjet".

Neni 4

Neni 66-a ndryshohet si vijon:

"Për kundërvajtjet të përcaktuara në nenet 67, 68 dhe 70 paragrafi 1, 2, 3 dhe 6 të këtij ligji, procedurë kundërvajtëse mban dhe sanksione kundërvajtëse shqipton organi i administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e turizmit, nëpërmjet Komisionit për vendosje për kundërvajtje (në tekstin e mëtejmë: Komision kundërvajtës).

Për kundërvajtjet nga neni 70 paragrafi 4, neni 71 dhe 71-v procedurë kundërvajtëse mban dhe sanksion kundërvajtës shqipton gjykatë kompetente.

Kundër vendimit të Komisionit kundërvajtës nga paragrafi 1 të këtij neni mbahet procedurë në pajtim me Ligjin për kundërvajtjet.".

Neni 5

Neni 67 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 100 deri në 250 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit fizik nëse:

1) nuk është i regjistruar për ushtrim të veprimtarisë turistike (neni 3 paragrafi 2 dhe neni 51 paragrafi 2);

2) nuk organizon udhëtim turistik për anëtarët e vet dhe anëtarë të familjes së tyre më të ngushtë nëpërmjet agjencive turistike, publikisht i shpall dhe reklamon udhëtimet turistike (neni 6 paragrafi 1);

3) ushtron veprimtari të udhërrëfyesit turistik, person i cili është punëtor profesional i cili e ushtron veprimtarinë udhërrëfyes në vendin e tij të punës te persona juridikë në objektin afarist në të cilin punon (muze, galeri, park kombëtar dhe të ngjashme), punëtor profesional i agjencisë turistike e cila përcjell grup të turistëve në vend, udhëheqës në mal dhe shpellë, udhërrëfyes në gjah dhe peshkim, si dhe udhëheqës ose shoqërues në ekskursione dhe piknik (neni 39 paragrafi 2) dhe

4) ushtron veprimtari turistike udhërrëfyes ose përcjellës turistik pa provim të dhënë adekuat profesional (neni 40 paragrafi 2 dhe neni 45-a paragrafi 1).

Për kundërvajtjet nga paragrafi 1 të këtij neni, personit fizik, inspektori i autorizuar i komunës dhe inspektori i autorizuar i qytetit të Shkupit, do të zbatojnë procedurë për barazim me dhënie të urdhërpagesës të kundërvajtjes, për pagesë të gjobës në shumën e caktuar, në afat prej tetë ditë nga dita e dorëzimit të urdhërpagesës së kundërvajtjes.

Kryerësi i kundërvajtjes i cili do ta paguaj gjobën në afatin nga paragrafi 2 të këtij neni, do të paguajë gjysmën e gjobës së shqiptuar, për të cilën të drejtë këshillohet në këshillën juridike.

Në procedurën e cila do të përfundojë me pagesën e urdhërpagesës së kundërvajtjes nuk paguhen shpenzimet të procedurës.

Për kundërvajtjet nga paragrafi 1 të këtij neni, nëse personi fizik nuk e paguan gjobën në afatin nga paragrafi 2 të këtij neni, inspektori i autorizuar i komunës dhe inspektori i autorizuar i Qytetit të Shkupit parashtron kërkesë për ngritje të procedurës së kundërvajtjes te Komisioni kundërvajtjes.

Inspektori i autorizuar i komunës dhe inspektori i autorizuar i Qytetit të Shkupit janë të obliguar të mbajnë evidencë për urdhërpagesë të dhënë të kundërvajtjes dhe për rezultatin e procedurave të ngritura.

Në evidencën nga paragrafi 4 të këtij neni grumbullohen, përpunohen dhe ruhen këto të dhëna emri dhe mbiemri, përkatësisht titulli i kryerësit të kundërvajtjes, vendbanimi, përkatësisht vendqëndrimi, selia, lloji i kundërvajtjes, numri i urdhërpagesës së kundërvajtjes e cila i jepet dhe rezultati i procedurës.

Të dhënat personale nga paragrafi 5 të këtij neni ruhen pesë vjet nga dita e futjes në evidencë.

Formën dhe përmbajtjen e urdhërpagesës së kundërvajtjes e përcakton ministri i Ekonomisë.".

Neni 6

Neni 68 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 300 euro në kundërvlerë me denarë do të shqiptohet për kundërvajtje personit fizik, mikro tregtar, nëse:

1) nuk e njofton me formular të veçantë DPI edhe kryetarin e komunës, ndërsa në qytetin e Shkupit kryetarin e komunës në rajonin e qytetit të Shkupit, sipas vendit të selisë së objektit, përkatësisht sipas vendit ku jepen shërbimet turistike së paku 8 ditë para fillimit të ushtrimit të veprimtarisë (neni 9 paragrafi 1);

2) në hyrjen e hapësirës afariste nuk e thekson firmën (neni 15 paragrafi 1 pika 1);

3) shenja "agjenci turistike", "agjenci udhëtimi" dhe shprehjet e zakonshme siç janë "Tours" dhe "Travel" dhe të ngjashme, në firmë nuk i shfrytëzojnë agjencitë turistike (neni 15 paragrafi 1 pika 2);

4) për shitje të avio biletave agjencia turistike nuk ka punësuar person me IATA certifikatë (neni 15 paragrafi 1 pika 11);

5) në vend të dukshëm në agjencinë turistike nuk e thekson licencën (neni 15 paragrafi 1 pika 12);

6) nuk i thekson çmimet të aranzhmaneve turistike dhe shërbimeve individuale (neni 15 paragrafi 1 pika 13);

7) në vend të dukshëm në hyrje të objektit turistik nuk e thekson llojin e kartelave të pagesës të cilat mund të shfrytëzohen (neni 15 paragrafi 1 pika 16),

8) gjatë organizimit të udhëtimeve turistike, në programet të udhëtimit të cilat përfshijnë aktivitete sportive – rekreative, avanturistike dhe ekstreme, përveç angazhimit të udhërrëfyesit turistik, nuk angazhon edhe persona profesional të aftë për aktivitete të tilla (neni 19-a);

9) nuk e thekson kohën e punës në hyrje të objektit dhe në vend të dukshëm në objekt dhe nuk i përmbahet kohës së theksuar të punës (neni 56);

10) nuk i plotëson kushtet e përcaktuara minimale-teknike (neni 8 paragrafi 1);

11) hapësira afariste shfrytëzohet edhe për qëllime të tjera (banim dhe prodhimtari), në kundërshtim me dispozitat të nenit 10 paragrafi 2 të këtij ligji;

12) në kërkesë të shfrytëzuesit të shërbimeve nuk i jep informatë në cilën cilësi merr pjesë dhe sa janë autorizimet e tij, nëse përfaqëson agjenci tjetër turistike (neni 15 paragrafi 1 pika 4);

13) në materialet e shtypura promovuese, si dhe në të gjitha dokumente dukshëm nuk theksohet firma dhe selia e agjencisë turistike (neni 15 paragrafi 1 pika 6);

14) nuk përmbahet gjatë shitjes dhe realizimit të kontratës dhe programit të aranzhmanit turistik (neni 15 paragrafi 1);

15) marrëveshje nuk i përmban elementet të parapara në nenin 16;

16) vauçeri turistik nuk i përmban elementet të parapara në nenin 17 paragrafi 3 të këtij ligji dhe

17) nuk e paraqit ndryshimin e përmbajtjes së licencës (neni 29).

Gjobë në shumë prej 100 deri në 400 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik, i cili është tregtar i vogël, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 250 deri në 600 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik, i cili është tregtar i mesëm, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 500 deri në 800 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik, i cili është tregtar i madh, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit përgjegjës te personi juridik për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 250 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.".

Neni 7

Neni 70 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 300 euro në kundërvlerë me denarë do të shqiptohet për kundërvajtje personit fizik, mikro tregtar, nëse:

1) zyra e agjencisë turistike ushtron aktivitete në kundërshtim me licencën të cilën e posedon agjencia turistike (neni 11 paragrafi 2);

2) lidh marrëveshje me ndërmarrje të komunikacionit mjetet e të cilave të transportit nuk i plotësojnë kushtet të përcaktuara me rregulla nga sfera e komunikacionit publik të udhëtimit (neni 15 pika 7);

3) lidh marrëveshje dhe ndërmerr aktivitete të tjera afariste me subjekte juridike të hotelerisë të cilët nuk posedojnë licencë dhe kategorizim të objektit (neni 15 paragrafi 1 pika 8);

4) nuk ruan si sekret afarist gjithçka që dinë për shfrytëzuesin e shërbimeve edhe pa lejen e tij, përveç në kushtet e përcaktuara ligjore, e jep adresën e shfrytëzuesit të shërbimit, vendin dhe kohën e udhëtimit, vendqëndrimin, çmimin e paguar, si dhe emrin e bashkudhëtarit të tij (neni 15 paragrafi 1 pika 9);

5) nuk u përmbahet kushteve të përcaktuara në marrëveshjet të cilat i lidh me shfrytëzuesit e shërbimeve dhe personi i tretë si dhënës i shërbime (neni 15 paragrafi 1 pika 10);

6) për çdo shërbim të shitur ose aranzhuan nuk jep llogari nga kasa fiskale, si dhe vauçer turistik për vendosje dhe shërbime të tjera shfrytëzuesit të shërbimeve (neni 15 paragrafi 1 pika 14);

7) ushtruesit e veprimtarisë turistike gjatë organizimit të udhëtimeve turistike jashtë vendit me autobus janë të obliguar që të sigurojnë që mjeti i udhëtimit t'i plotësojë kushtet në pajtim me rregullat nga sfera e komunikacionit rrugor publik dhe të ketë aparat-klimë, frigorifer për ftohje, WC dhe mikrofon për njoftim (neni 19);

8) bën zmadhimin e çmimit të përcaktuar me marrëveshjen 20 ditë para ditës së kontraktuar për fillim të shfrytëzimit të shërbimeve turistike (neni 20);

9) nuk ia kthen të gjithë shumën të cilën e ka paguar sipas marrëveshjes, përveç në rastet të cilat janë paraparë në nenet 21 paragrafi 1 pika 2 të këtij ligji;

10) nuk vepron në kuptim të nenit 21 paragrafët 2 dhe 3 të këtij ligji;

11) gjatë realizimit të aranzhmanit turistik ose udhëtimit, ose qëndrim jashtë vendit personave të mitur nuk u mundëson informata për vendosjen e kontaktit të drejtpërdrejtë me fëmijën dhe personin përgjegjës për dhënie të shërbimeve fëmijës në vendin e udhëtimit dhe qëndrimit (neni 23 paragrafi 2) dhe

12) gjatë realizmit të aranzhmanit turistik, ose udhëtimit, ose qëndrimit jashtë vendit nuk ka dëshmi se posedon licencë (kopje të verifikuar në noter), marrëveshje me objekte të akomodimit jashtë vendit dhe dëshmi për pagesë të kryer të shërbimeve të akomodimit dhe shërbime tjera nëpërmjet institucion adekuat bankar (neni 24).

Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 600 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personi fizik, i cili është tregtar i vogël, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 250 deri në 800 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personi juridik, i cili është tregtar i mesëm, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 500 deri në 1.200 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personi juridik, i cili është tregtar i madh, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit përgjegjës të personit juridik për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 250 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Neni 8

Neni 71 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 1.000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit fizik, mikro tregtar, nëse:

1) nuk organizon udhëtim turistik për anëtarët e vet dhe anëtarë të familjes së tyre më të ngushtë nëpërmjet agjencisë turistike, publikisht i shpall dhe reklamon udhëtimet turistike (neni 6 paragrafi 1);

2) kryen aktivitete në kundërshtim me dispozitat të neneve 37 të këtij ligji;

3) ushtron veprimtari pa të jetë i regjistruar në regjistrin tregtar (neni 3 paragrafi 1);

4) nuk lidh marrëveshje me shfrytëzuesin e shërbimit në të cilën do të jenë qartë të caktuara kushtet dhe mënyra e dhënies së shërbimeve (neni 15 paragrafi 1 pika 5);

5) nuk ka licencë për ushtrim të veprimtarisë turistike (neni 25 paragrafi 1);

6) poseduesi i licencës "A" gjatë ushtrimit të veprimtarisë së vet nuk i plotëson kushtet nga neni 31 të këtij ligji dhe

7) poseduesi i licencës "B" gjatë ushtrimit të veprimtarisë së vet nuk i plotëson kushtet nga neni 32 të këtij ligji dhe

8) agjencia e huaj turistike i cili sjell turistë në Republikën e Maqedonisë së Veriut, pa ndërmjetësim të agjencisë turistike të vendit me licencë A, ose pa kontratë të lidhur me udhërrëfyes turistik në Republikën e Maqedonisë së Veriut, nuk vepron në pajtim me nenin 39 paragrafi 2 të këtij ligji.

Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 2.000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personi fizik, i cili është tregtar i vogël, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 250 deri në 3.000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personi juridik, i cili është tregtar i mesëm, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 500 deri në 4.000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personi juridik, i cili është tregtar i madh, për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit përgjegjës të personit juridik për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 euro deri në 250 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni.

Gjobë në shumë prej 100 deri në 500 euro do t'i shqiptohet edhe personit përgjegjës të agjencisë së huaj turistike, për grup të organizuar të turistëve, për veprimet nga paragrafi 1 pika 8 të këtij neni.".

Neni 9

Në nenin 71-b fjalët: “përkatësisht tregtarit individual" shlyhen.

Neni 10

Pas nenit 79 shtohet nen i ri 79-a si vijon:

“Neni 79-a

Dispozitat e nenit 3 paragrafi 4, 5 dhe 6 dhe nenit 40 paragrafi 1 pika 3 dhe paragrafi 3 dhe 4 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen me ditën e aderimit të Republikës së Maqedonisë së Veriut në Bashkimin Evropian.".

Neni 11

Në nenin 15 paragrafi 1 pika 3, nenin 25 paragrafi 4, neni 33-a paragrafi 5, nenin 37-a paragrafi 1, nenin 39 paragrafët 1 dhe 3, nenin 41 paragrafi 5, nenin 44 paragrafi 5, nenin 45 paragrafi 1, nenin 45-a paragrafi 5, nenin 48 paragrafi 5, nenin 57 paragrafët 1 dhe 3, nenin 63 paragrafi 1 pika 1, nenin 71 paragrafi 1 pika 8 fjalët: “Republika e Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: “Republika e Maqedonisë së Veriut".

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

**588.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за јавните собири,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 4 февруари 2020 година.

Бр. 08-1108/1
4 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ

Член 1

Во Законот за јавните собири („Службен весник на Република Македонија“ број 55/1995, 19/2006, 66/2007 и 152/15), во член 9 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 200 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микро трговци; од 400 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 600 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правното лице (организатор) на јавен собир, ако:“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба на правното лице (организаторот)“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 2

Во член 10 став (1) зборовите: „510 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „150 до 250 евра“.

Член 3

Членот 10-в се брише.

Член 4

Во целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR TUBIME PUBLIKE

Neni 1

Në Ligjin për tubime publike („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 55/1995, 19/2006, 66/2007 dhe 152/15), në nenin 9 paragrafi (1) fjalia hyrëse ndryshohet si vijon:

"(1) Gjobë në shumë prej 200 deri në 1.000 euro në kundërvlerë me denarë - për mikro tregtarë; prej 400 deri në 2.000 euro në kundërvlerë me denarë - për tregtarë të vegjël; prej 600 deri në 6.000 euro në kundërvlerë me denarë - për tregtar të mesëm dhe prej 1.000 deri në 10.000 euro në kundërvlerë me denarë - për tregtar të mëdhenj do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik (organizator) të tubimit publik, nëse:".

(2) Në paragrafin (2) fjalët: “30%" nga gjoba e përcaktuar për personin juridik (organizatorin)" zëvendësohen me fjalët: “250 deri në 500 euro në kundërvlerë me denarë".

Neni 2

Në nenin 10 paragrafi (1) fjalët: “510 deri në 1.000 euro" zëvendësohen me fjalët: “150 deri në 250 euro".

Neni 3

Neni 10-v shlyhet.

Neni 4

Në të gjithë tekstin e Ligjit fjalët: “Republika e Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: “Republika e Maqedonisë së Veriut".

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

---

**589.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 4 февруари 2020 година.

Бр. 08-1109/1
4 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19 и 275/19), по членот 107-д се додава нов наслов и пет нови членови 107-ѓ, 107-е, 107-ж, 107-з и 107-ѕ, кои гласат:

**„Утврдување на стаж на осигурување**

Член 107-ѓ

(1) Осигуреник кој бил во редовен работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонес не е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, може самиот за себе да изврши плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

(2) Плаќањето за придонесот од ставот (1) на овој член се однесува за оној период за кој осигуреникот поднесува барање за плаќање за придонес, под услов да бил пријавен во задолжително социјално осигурување.

(3) Основица за пресметка и плаќање на придонесот изнесува 20% од просечната плата за претходната година од годината во која е поднесено барање за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, објавена од Државниот завод за статистика.

(4) Плаќањето на придонесот од ставот (1) на овој член се врши според стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување утврдена со закон.

(5) Плаќањето на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување може да го извршат и членовите на семејството од членот 57 од овој закон.

Член 107-е

(1) Правото за плаќање на придонес од членот 107-ѓ став (1) од овој закон се остварува врз основа на поднесено барање до Фондот од страна на осигуреникот од членот 107-ѓ став (1) од овој закон или од членовите на семејството од членот 57 од овој закон.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за труд и социјална политика, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 107-ж

Фондот донесува решение за плаќање на придонесот од членот 107-ѓ став (1) од овој закон, доколку утврди дека се исполнети следниве услови:

- осигуреникот бил пријавен во задолжително социјално осигурување, што се утврдува од податоците во матична евиденција во Фондот со претходно воспоставена пријава за почеток и престанок на осигурувањето утврдена во матичната евиденција на Фондот,
- придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за периодот за кој осигуреникот бил пријавен во задолжително социјално осигурување не е платен, односно не е целосно платен, што се утврдува со записник на Фондот и
- обврзникот за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување е во стечај, а осигуреникот е одјавен од осигурување или обврзникот е избришан од регистрите кои се водат при Централниот регистар на Република Северна Македонија или друг регистар пред преземањето во Централниот регистар на Република Северна Македонија, за што Фондот по службена должност обезбедува доказ врз основа на размена на податоци или врз основа на претходно спроведена М11/2.

Член 107-з

Уплатата на придонесот од членот 107-ѓ став (1) од овој закон се врши по донесувањето на решението од членот 107-ж од овој закон.

Член 107-ѕ

Во стаж на осигурување се смета времето кога осигуреникот бил во работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување доколку во целост е платен придонесот утврден со решението од членот 107-ж од овој закон.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува по еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM PENSIONAL DHE INVALIDOR**

Neni 1

Në Ligjin për sigurim pensional dhe invalidor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 dhe 245/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 180/19 dhe 275/19), pas nenit 107-d shtohet titull i ri dhe pesë nene të reja 107-gj, 107-e, 107-zh, 107-z dhe 107-x, si vijojnë:

**"Përcaktimi i stazhit të sigurimit**

Neni 107-gj

(1) I Siguruari i cili ka qenë në marrëdhënie të rregullt të punës, përkatësisht në punë në bazë të cilës ka qenë i paraqitur për sigurim të detyrueshëm social, ndërsa nga ana e detyrësit për llogaritjen dhe pagimin e kontributit nuk është paguar kontributi për sigurim pensional dhe invalidor, mundet vetë për veten të kryejë pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor.

(2) Pagesa për kontributin nga paragrafi (1) të këtij neni ka të bëjë për atë periudhë për të cilën i siguruari dorëzon kërkesë për pagimin e kontributit, me kusht që të ketë qenë i paraqitur në sigurimin e detyrueshëm social.

(3) Baza për llogaritje dhe pagesë të kontributeve është 20% nga rroga mesatare për vitin paraprak nga viti në të cilin është dorëzuar kërkesa për pagim të kontributeve për sigurim pensional dhe invalidor, të shpallur nga Enti Shtetëror i Statistikës.

(4) Pagimi i kontributeve nga paragrafi (1) të këtij neni bëhet sipas shkallës së kontributit për sigurim pensional dhe invalidor të përcaktuar me ligj.

(5) Pagimin e kontributit për sigurim pensional dhe invalidor mund ta kryejnë edhe anëtarët e familjes nga neni 57 të këtij ligji.

Neni 107-e

(1) E drejta për pagimin e kontributit nga neni 107-gj paragrafi (1) i këtij ligji realizohet në bazë të kërkesës së dorëzuar në Fond nga i siguruari nga neni 107-gj paragrafi (1) i këtij neni, ose nga anëtarët e familjes nga neni 57 të këtij ligji.

(2) Formën dhe përmbajtjen e kërkesës nga paragrafi (1) të këij neni i përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale, në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 107-zh

Fondi miraton aktvendim për pagimin e kontributit nga neni 107-gj paragrafi (1) të këtij ligji, nëse konstaton se janë plotësuar kushtet në vijim:

- i siguruari ka qenë i paraqitur në sigurimin e detyrueshëm social, që përcaktohet nga të dhënat e evidencës amë në Fondin me kërkesë paraprake të vendosur për fillimin dhe ndërprejten e sigurimit të përcaktuar në evidencën amë të Fondit,
- kontributi për sigurimin pensional dhe invalidor për periudhën për të cilën i siguruari ka qenë i paraqitur në sigurimin e detyrueshëm social nuk është paguar, përkatësisht nuk është i paguar plotësisht, që përcaktohet me procesverbalin e Fondit dhe
- detyrësi për pagimin e kontributit për sigurimin pensional dhe invalidor është në falimentim, ndërsa i siguruari është i çlajmëruar nga sigurimi ose obliguesi është i shlyer nga regjistrat në të cilat evidentohen në Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut ose regjistër tjetër para marrjes në Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut, për të cilën Fondi me detyrë zyrtare siguron prova në bazë të shkëmbimit të të dhënave, ose në bazë të zbatimit paraprak të M11/2.

Neni 107-z

Pagimi i kontributeve na neni 107-gj paragrafi (1) të këtij ligji bëhet pas miratimit të aktvendimit nga nenit 107-zh të këtij ligji.

Neni 107-x

Si stazh i sigurimit llogaritet koha kur i siguruari ka qenë në marrëdhënie pune, përkatësisht në punë në bazë të cilës është paraqitur në sigurimin e detyrueshëm social nëse tërësisht është paguar kontributi i përcaktuar në aktvendimin nga neni 107-zh të këtij ligji.".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", ndërsa do të zbatohet pas një muaji nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**590.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за управување со отпадот,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 февруари 2020 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1162/1 | Претседател на Република |
| 5 февруари 2020 година | Северна Македонија, |
| Скопје | **Стево Пендаровски,** с.р. |

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ**

Член 1

Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16), во членот 103 став (3) во точката 1) точката и запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или".

Во точката 2) сврзникот „или" се заменува со точка.

Точката 3) се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR MENAXHIM ME HEDHURINA**

Neni 1

Në Ligjin për menaxhim me hedhurina ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 dhe 63/16), në nenin 103 paragrafi (3) në pikën 1) pikëpresja në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën "ose".

Në pikën 2) lidhëza "ose" zëvendësohet me pikë.

Pika 3) shlyhet.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**591.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОТПИС НА КАМАТИ И РЕПРОГРАМИРАЊЕ НА ДОЛГОВИ И ТРОШОЦИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Се прогласува Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 февруари 2020 година.

Бр. 08-1163/1
5 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ОТПИС НА КАМАТИ И РЕПРОГРАМИРАЊЕ НА ДОЛГОВИ И ТРОШОЦИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за отпишување на пресметани камати, како и за репрограмирање на главниот долг и трошоците кои произлегуваат од старите извршни судски предмети трансферирани/пренесени кај нотарите и извршителите согласно со Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) заклучно со 31 декември 2011 година, како и предметите кои се дадени за извршување за наплата на долгови кои произлегуваат од услуги од вршители на комунални дејности и сродни дејности пред извршителите заклучно со 31 декември 2017 година.

Член 2

Целта на овој закон е спроведување на еднократна помош за решавање на проблемот со извршните предмети.

Член 3

Определени поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) Стари судски извршни предмети се судски предмети со решенија за издавање на дозвола за извршување, издадени од страна на надлежните судови согласно со важечките прописи за извршна постапка, а кои беа трансферирани/пренесени кај нотарите и извршителите согласно со Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) заклучно со 31 декември 2011 година;

2) Предметите кои се дадени за извршување за наплата на долгови пред извршителите се предметите дадени за извршување од страна на доверителите заклучно со 31 декември 2017 година;

3) Должник во смисла на овој закон се смета физичко лице, државјанин на Република Северна Македонија, кое се јавува како должник во старите судски извршни предмети или во предметите предадени кај извршителите за присилно извршување од страна на доверителите;

4) Доверител во државна или јавна сопственост во смисла на овој закон се државните органи, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, органите на општините, на градот Скопје и општините во градот Скопје, како и јавните претпријатија во државна или јавна сопственост, кои се утврдени како доверители во предметите опфатени со точките 1) и 2) на овој член;

5) Доверител во приватна сопственост е доверител кој не е доверител во државна или јавна сопственост, а е утврден како доверител во предметите опфатени со точките 1) и 2) на овој член.

Член 4

Ако должникот од членот 3 точка 3) на овој закон намирил дел од достасаната камата, долг или трошоци, нема право да бара поврат на исплатениот износ.

Член 5

(1) Доверителите кои се во државна или јавна сопственост, по сила на овој закон, се должни да направат целосен отпис на каматите, како на главниот долг, така и на трошоците на постапката и репрограмирање на главниот долг и трошоците без камата во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Доверителите од ставот (1) на овој член ги известуваат извршителите за прецизираното барање за извршување во рок од 30 дена од отписот на каматите.

Член 6

(1) Доверителите во приватна сопственост, отписот на каматите, како и репрограмирањето на главниот долг и трошоците, го вршат на доброволна основа, согласно со одлука на органот на управување која задолжително мора да ја донесат во рок 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, без оглед дали ја прифаќаат или не ја прифаќаат примената на одредбите од овој закон.

(2) Доверителите од ставот (1) на овој член се должни за нивната одлука да го известат Министерството за финансии кое ја информира јавноста со објава на нивната веб-страница и средствата за јавно информирање.

(3) Доверителите во приватна сопственост ги известуваат извршителите за прецизираното барање за извршување во рок од 30 дена од денот на донесување на одлуката од ставот (1) на овој член.

Член 7

(1) Доверителите во државна или јавна сопственост, како и доверителите во приватна сопственост кои донеле одлука за примена на овој закон, вршат репрограмирање на главниот долг и трошоците во постапките пред судот, нотарот и извршителот, но не вклучувајќи ја и каматата што произлегува од истите во месечни рати, во зависност од висината на доспеаниот долг и трошоците и тоа на следниов начин:

| ВИСИНА НА ДОЛГ И ТРОШОЦИ | РОК НА ОТПЛАТА |
|---|---|
| До 10.000,00 денари | 6 месеци |
| Од 10.001,00 до 60.000,00 денари | 12 месеци |
| Од 60.001,00 до 120.000,00 денари | 24 месеци |
| Од 120.001,00 до 240.000,00 денари | 36 месеци |
| Над 240.000,00 денари | 48 месеци |

(2) За доспеани и неплатени рати на репрограмираниот долг и трошоци, се пресметува законска казнена камата.

Член 8

(1) Носителите на платен промет доброволно одлучуваат за намалување, односно откажување од трошоците за деблокирање на сметките на должниците чии долгови се отпишани согласно со одредбите од овој закон.

(2) Носителите на платен промет од ставот (1) на овој член се должни за нивната одлука да ги известат Народната банка на Република Северна Македонија и Министерството за финансии кое ја информира јавноста со објава на нивната веб-страница и средствата за јавно информирање.

Член 9

При спроведување на извршувањето на предметите од член 1 од овој закон ќе се води сметка за видот на долгот и нема да се врши наплата на каматата и трошоците отпишани согласно со овој закон.

**Прекршочни одредби**

Член 10

(1) Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое нема да ја донесе одлуката од членот 6 од овој закон во предвидениот рок, ниту ја направило јавно достапна согласно со одредбите од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое не постапило, односно не ја донело одлуката од членот 6 од овој закон во предвидениот рок, ниту ја направило јавно достапна согласно со одредбите од овој закон.

(3) За пропишаните прекршоци прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, извршителите прекинуваат со присилно извршување по барањата за извршување на доверителите кои се во државна или јавна сопственост во предметите дефинирани со членот 3 точки 1 и 2 од овој закон, до известувањето на доверителите од членот 5 став (2) од овој закон.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR FALJE TË KAMATAVE DHE RIPROGRAMIM TË BORXHEVE DHE SHPENZIMEVE TË PERSONAVE FIZIKË

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen kushtet, mënyra dhe procedura për faljen e kamatave të përllogaritura, si dhe për riprogramimin e borxhit kryesor dhe shpenzimeve të cilat dalin nga lëndët e vjetra përmbaruese gjyqësore të transferuara/bartura te noterët dhe përmbaruesit në pajtim me Ligjin për përmbarim ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 dhe 187/13), përfundimisht me 31 dhjetor 2011, si dhe lëndët që janë dhënë për përmbarim për arkëtim të borxheve të cilat dalin nga kryerësit e veprimtarive komunale dhe veprimtarive të ngjashme para përmbaruesve përfundimisht me 31 djetor 2017.

Neni 2

Qëllimi i këtij ligji është zbatimi i ndihmës së njëhershme për zgjidhjen e problemit me lëndët përmbaruese.

Neni 3

Nocione të caktuara të përdorura në këtë ligj e kanë kuptimin si vijon:

1) Lëndët e vjetra gjyqësore përmbaruese janë lëndë gjyqësore me aktvendim për lëshimin e lejes për realizim, të lëshuar nga gjykatat kompetente në pajtim me dispozitat në fuqi për procedurë përmbaruese, kurse të cilat janë transferuar bartur te noterët dhe përmbaruesit në pajtim me Ligjin për përmbarim ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 dhe 187/13) përfundimisht me 31 dhjetor 2011;

2) Lëndët të cilat janë dhënë për përmbarim për arkëtim të borxheve para përmbaruesve janë lëndët të dhëna për përmbarim nga kreditorët përfundimisht me 31 dhjetor 2017;

3) Debitor në kuptim të këtij ligji konsiderohet personi fizik, shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut, i cili paraqitet si debitor në lëndët e vjetra gjyqësore përmbaruese, ose në lëndët e dorëzuara te përmbaruesit për përmbarim të detyrueshëm nga kreditorët;

4) Kreditor në pronësi shtetërore ose publike në kuptim të këtij ligji janë organet shtetërore, organet e administratës shtetërore, organizatat e përcaktuara me ligj, organet e komunave, të qytetit të Shkupit dhe komunat në qytetin e Shkupit, si dhe ndërmarrjet publike në pronësi shtetërore ose publike, të cilat janë përcaktuar si kreditorë në lëndët e përfshira në pikat 1) dhe 2) të këtij neni;

5) Kreditor në pronësi private është kreditori i cili nuk është kreditor në pronësi shtetërore ose publike, e është përcaktuar si kreditor në lëndët e përfshira në pikat 1) dhe 2) të këtij neni.

Neni 4

Nëse debitori nga neni 3 pika 3) të këtij ligji ka shlyer pjesë nga kamata, borxhi ose shpenzimet e maturuara, nuk ka të drejtë të kërkojë kthim të shumës së paguar.

Neni 5

(1) Kreditorët të cilët janë në pronësi shtetërore ose publike, me fuqi të këtij ligji, janë të detyruar të bëjnë falje të plotë të kamatave, si të borxhit kryesor, poashtu edhe të shpenzimeve të procedurës dhe riprogramim të borxhit kryesor dhe shpenzimeve pa kamatë në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(2) Kreditorët e paragrafit (1) i këtij neni i njoftojnë përmbaruesit për kërkesën e saktësuar për përmbarim në afat prej 30 ditësh nga falja e kamatave.

Neni 6

(1) Kreditorët në pronësi private, faljen e kamatave, si dhe riprogramimin e borxhit kryesor dhe shpenzimeve, e kryejnë në bazë vullnetare, në pajtim me vendim të organit drejtues të cilin doemos duhet ta miratojnë në afat prej 90 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi e këtij ligji, pa marrë parasysh nëse e pranojnë ose nuk e pranojnë zbatimin e dispozitave të këtij ligji.

(2) Kreditorët nga paragrafi (1) të këtij neni janë të detyruar për vendimin e tyre ta njoftojnë Ministrinë e Financave e cila e informon publikun me shpallje në ueb faqen e tyre dhe mjetet për informim publik.

(3) Kreditorët në pronësi private i njoftojnë përmbaruesit për kërkesën e saktësuar për përmbarim në afat prej 30 ditësh nga dita e miratimit të vendimit nga paragrafi (1) të këtij neni.

Neni 7

(1) Kreditorët në pronësi shtetërore ose publike, si dhe kreditorët në pronësi private të cilët kanë miratuar vendim për zbatimin e këtij ligji, bëjnë riprogramim të borxhit kryesor dhe shpenzimeve në procedurat para gjykatës, noterit dhe përmbaruesit, por pa e përfshirë edhe kamatën që rezulton nga të njëjtat në këste mujore, në varësi të lartësisë së borxhit të maturuar dhe shpenzimeve në këtë mënyrë:

| LARTËSIA E BORXHIT DHE SHPENZIMEVE | AFATI I PAGESËS |
|---|---|
| Deri në 10. 000, 00 denarë | 6 muaj |
| Nga 10.001,00 deri në 60.000,00 denarë | 12 muaj |
| Nga 60.001,00 deri në 120.000,00 denarë | 24 muaj |
| Nga 120.001,00 deri në 240.000,00 denarë | 36 muaj |
| Mbi 240. 000, 00 denarë | 48 muaj |

(2) Për këste të maturuara dhe të papaguara të borxhit të riprogramuar dhe shpenzime, llogaritet kamatë ligjore ndëshkuese.

Neni 8

(1) Bartësit e qarkullimit pagesor vullnetarisht vendosin për zvogëlim, përkatësisht heqje dorë nga shpenzimet për debllokim të llogarive të debitorëve borxhet e të cilëve janë falur në pajtim me dispozitat e këtij Ligji.

(2) Bartësit e qarkullimit pagesor nga paragrafi (1) i këtij neni, janë të detyruar për vendimin e tyre t'i njoftojnë Bankën Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Ministrinë e Financave e cila e informon publikun me shpallje në ueb faqen e tyre dhe mjetet për informim publik.

Neni 9

Gjatë zbatimit të përmbarimit të lëndëve nga nenit 1 i këtij ligji do të kihet kujdes për llojin e borxhit dhe nuk do të kryhet arkëtim i kamatës dhe shpenzimeve të shlyera në pajtim me këtë ligj.

**Dispozita kundërvajtëse**

Neni 10

(1) Gjobë në shumë prej 2. 500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik i cili nuk do ta miratojë vendimin nga nenit 6 i këtij ligji në afatin e paraparë, as nuk e ka bërë publikisht të kapshëm në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit përgjegjës në personin juridik i cili nuk ka vepruar përkatësisht nuk e ka miratuar vendimin nga neni 6 i këtij ligji në afatin e paraparë, as nuk e ka bërë publikisht të kapshëm në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

(3) Për kundërvajtjet e përcaktuara procedurë kundërvajtëse mban dhe sanksione kundërvajtëse shqipton gjykata kompetente.

DISPOZITA KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 11

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, përmbaruesit e ndërpresin përmbarimin e detyrueshëm për kërkesat për përmbarim të kreditorëve të cilët janë në pronësi shtetërore ose publike në lëndët e definuara me nenin 3 pikat 1 dhe 2 të këtij ligji, deri në njoftimin e kreditorëve nga neni 5 paragrafi (2) i këtij ligji.

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**592.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА АДМИНИСТРИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за администрирање на социјалното осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 февруари 2020 година.

Бр. 08-1164/1
5 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н
ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА АДМИНИСТРИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка со заем во износ од 13.800.000 евра, наменет за финансирање на Проектот за администрирање на социјалното осигурување.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за фиксен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Заемот ќе се отплаќа на 18 полугодишни рати, од кои 17 полугодишни рати секоја во износ од 5,56% од износот на заемот, додека последната 18 рата во износ од 5,48% од износот на заемот. Заемот ќе се отплаќа на 15 март и 15 септември секоја година.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за труд и социјална политика.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR HUAMARRJE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT TE BANKA NDËRKOMBËTARE PËR RINDËRTIM DHE ZHVILLIM – BANKA BOTËRORE SIPAS MARRËVESHJES PËR HUA PËR FINANCIMIN E PROJEKTIT PËR ADMINISTRIMIN E SIGURIMIT SOCIAL**

Neni 1

Republika e Maqedonisë së Veriut merr hua te Banka Ndërkombëtare për Rindërtim dhe Zhvillim – Banka Botërore në shumë prej 13.800.000 eurosh, të dedikuar për realizimin e Projektit për administrimin e sigurimit social.

Neni 2

Kushtet dhe mënyra e shfrytëzimit të huas nga neni 1 i këtij ligji, përcaktohen me Marrëveshje për hua, që do të lidhet ndërmjet Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Bankës Ndërkombëtare për Rindërtim dhe Zhvillim – Bankës Botërore.

Në emër të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Marrëveshjen për hua nga paragrafi 1 i këtij neni, do ta nënshkruajë ministri i Financave.

Neni 3

Afati i pagimit të huas nga neni 1 i këtij ligji është 12 vjet, me grejs periudhë të përfshirë prej tre vitesh.

Shkalla e kamatës është EURIBOR gjashtëmujor i rritur për shtrirje fikse.

Pas nënshkrimit të Marrëveshjea për hua nga neni 2 paragrafi 1 i këtij ligji, Republika e Maqedonisë së Veriut do t'i paguajë Bankës Ndërkombëtare për Rindërtim dhe Zhvillim – Bankës Botërore provizion të njëhershëm në shumë prej 0,25 % të shumës së huas.

Republika e Maqedonisë së Veriut do t'i paguajë Bankës Ndërkombëtare për Rindërtim dhe Zhvillim – Bankës Botërore provizion në lartësi prej 0,25% të pjesës së patërhequr të huas në nivel vjetor.

Huaja do të paguhet në 18 këste gjysmëvjetore, nga të cilat 17 këste gjysmëvjetore secila në shumë prej 5,56 % të shumës së huas, ndërsa kësti i 18 i fundit në shumë prej 5,48 % të shumës së huas. Huaja do të paguhet më 15 mars dhe 15 shtator çdo vit.

Neni 4

Shfrytëzues i mjeteve të huas nga neni 1 i këtij ligji është Ministria e Punës dhe Politikës Sociale.

Neni 5

Republika e Maqedonisë së Veriut huan nga neni 1 i këtij ligji do ta paguajë nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

**593.**

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК**

Се прогласува Законот за субвенциониран студентски оброк,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 февруари 2020 година.

Бр. 08-1165/1
5 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет**

Член 1

Со овој закон се уредува правото на студентите за субвенциониран студентски оброк како и начинот и критериумите за субвенционирање.

**Дефиниции**

Член 2

Одделни поими употребувани во овој закон го имаат следново значење:

1) „субвенциониран студентски оброк“ е финансиска поддршка во износ од 120 денари што студентот ја добива од Министерството за образование и наука за купување приготвена храна;

2) „корисници на субвенциониран студентски оброк“ се редовните студенти на додипломските студии на државните и приватните универзитети, државјани на Република Северна Македонија и

3) „давател на субвенциониран студентски оброк“ е правно лице со кое Министерството за образование и наука има склучено договор.

Член 3

(1) Стручно - организациските работи при субвенционирање на студентскиот оброк, надзорот, рационалноста и ефективноста во користењето на средствата ги извршува Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: министерството).

(2) За изведување на стручно - организациските работи од ставот (1) на овој член, во министерството со посебен акт се формира Одделение за субвенциониран студентски оброк (во натамошниот текст: одделението).

Член 4

(1) Министерството склучува договор врз основа на јавен оглас за избор на даватели на субвенциониран студентски оброк кои ги исполнуваат следниве критериуми:

1) да се регистрирани согласно со Законот за угостителската дејност или продавници согласно со Законот за трговија;

2) да поседуваат сертификат од независна институција за имплементиран HACCP систем;

3) цената на храната за која се користи субвенциониран студентски оброк е за најмалку 10% пониска од цената при редовна продажба на истата;

4) субвенционираниот студентски оброк, давателите на субвенциониран студентски оброк го приготвуваат и го ставаат во промет согласно со Правилник за стандардите за исхрана и оброци на студентите.

(2) Јавниот оглас од ставот (1) на овој член министерството го објавува во два дневни весника кои се издаваат на територијата на Република Македонија, од кои едниот се издава на јазик којшто го зборуваат најмалку 20% од населението, а е различен од македонскиот јазик.

(3) Давателите на субвенциониран студентски оброк до министерството доставуваат пријава за исполнетост на критериумите од ставот (1) на овој член.

(4) Доколку се исполнети критериумите од ставот (1) на овој член, министерството склучува договор со давателот на субвенциониран студентски оброк во рок од 15 дена од доставувањето на пријавата.

(5) Формата и содржината на пријавата од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за образование и наука, во рок од девет месеци од влегувањето во сила на овој закон.

(6) Формата и содржината на Правилникот од ставот (1) точка 4) на овој член ги пропишува министерот за образование и наука.

II. НАЧИН НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

Член 5

(1) Субвенционирањето на студентски оброк се врши во точно утврдени периоди од годината и месецот и во точно утврдено време од денот, кај регистриран давател на субвенциониран студентски оброк.

(2) Плаќањето на услугата кај регистриран давател на субвенциониран студентски оброк од ставот (1) на овој член, корисникот го врши преку дигитална картичка или мобилен телефон.

(3) Корисниците имаат право услугата да ја користат од понеделник до петок во период од 08:00 до 20:00 часот.

(4) Доколку корисникот на субвенциониран студентски оброк во периодот од ставот (3) на овој член не го искористи правото на субвенционирање на студентски оброк, износот од субвенциониран студентски оброк не му се префрла во наредниот ден.

(5) Правото за субвенциониран студентски оброк корисникот не може да го остварува во периодот од 1 јули до 14 септември во годината во која се стекнал со правото на субвенционирање на студентски оброк, како и за време на државни, верски празници и неработни денови.

(6) Правото на субвенциониран студентски оброк корисникот не може да го користи два последователни дена кај ист давател на субвенциониран студентски оброк, освен во срединките каде што има само еден давател на услугата.

Член 6

(1) Дизајнот и печатењето на дигиталните картички согласно со Законот за јавните набавки го врши министерството.

(2) Договорот за користење на правото на субвенциониран студентски оброк преку мобилен телефон, во постапка за јавна набавка согласно со Законот за јавни набавки и други прописи од областа на јавните набавки го склучува министерството со економскиот оператор кој треба да обезбеди услови за регистрирање на дадената услуга од давателите на субвенциониран студентски оброк.

Член 7

(1) Висината на субвенцијата за студентски оброк изнесува вкупно 120 денари дневно врз основа на начин и постапка уредени со овој закон.

(2) Начинот на издавање на фискална сметка при користење на субвенциониран студентски оброк со подзаконски акт го пропишува министерот за финансии.

Член 8

Субвенционирањето на студентскиот оброк се врши од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија кои се користат само за таа намена.

Член 9

(1) Корисници на субвенциониран студентски оброк се редовни студенти на додипломски студии на државните и приватните универзитети, државјани на Република Северна Македонија, кои:

а) не се во редовен работен однос;

б) не се регистрирани како индивидуални земјоделци и

в) немаат месечен приход по кој било основ поголем од минималната нето-плата во Републиката за тековната година.

(2) Веродостојноста на податоците од ставот (1) на овој член студентот ја потврдува со изјава за точност на внесените податоци која ја доставува до студентската служба на факултетот, при запишување во тековната академска година.

(3) Формата и содржината на изјавата од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот за образование и наука во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на законот.

(4) Начинот и условите во постапката за пријавување за корисници на субвенциониран студентски оброк со подзаконски акт ја пропишува министерот за образование и наука.

Член 10

(1) Регистрирањето на корисници на субвенциониран студентски оброк се врши со пополнување на посебна пријава за упис која студентот ја поднесува при запишување во тековната академска година, а со која се врши пријавување и на телефонскиот број на студентот и негово внесување во системот. Пријавата содржи согласност за користење на личните податоци

на подносителот и од членовите на семејството (родители, старатели или брачен другар) како и изјава за точност на внесените податоци во неа.

(2) Студентската служба на факултетот пријавите за стекнување со право на субвенциониран студентски оброк ги обработува електронски со внесување на податоците од пријавата во електронски формат и во рок од три дена од завршување на рокот за аплицирање на студентите ги доставува до министерството во електронска и хартиена форма кон кои приложува потврда за редовен студент на прв циклус на студии на високо образовните установи во Република Северна Македонија.

(3) Одделението за студентите кои аплицирале и ги исполнуваат условите да се стекнат со правото на субвенциониран студентски оброк, води електронска евиденција за податоците и изјавите од членот 9 ставови (1) и (2) од овој закон и пријавата од ставот (1) на овој член.

(4) Формата, содржината и образецот на пријавата за стекнување со правото на субвенциониран студентски оброк од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот за образование и наука.

Член 11

(1) Одделението од членот 3 став (2) од овој закон со цел да овозможи остварување на правото на субвенциониран студентски оброк води електронска евиденција на корисниците на правото на субвенциониран студентски оброк, во која се обработуваат следниве лични податоци:

- лично име на корисникот,
- ЕМБГ,
- бројот на мобилен телефон, кога студентот го користи правото на субвенциониран студентски оброк со користење на мобилниот телефон,
- e-mail адреса или број на мобилен телефон за известување за правото на користење и начинот на работа на системот на субвенциониран студентски оброк врз основа на согласност на корисникот на субвенциониран студентски оброк,
- периодот во кој студентот го има правото на субвенциониран студентски оброк,
- бројот на субвенционирани оброци, на кои студентот има право месечно и
- бројот на субвенционирани оброци, кои биле искористени кај поединечен давател во определен месец.

(2) Одделението го испишува лицето од евиденцијата на корисници на субвенциониран студентски оброк кога ќе утврди дека повеќе не ги исполнува условите за користење на субвенциониран студентски оброк.

(3) Одделението исто така води евиденција на даватели на субвенциониран студентски оброк, во која се обработени следниве податоци:

- назив и седиште на правното лице,
- лично име и телефонски број на одговорното лице во правното лице,
- број на субвенционирани студентски оброци во определен месец и
- евиденција на вкупните месечни пресметки (фактури) на субвенциониран студентски оброк.

(4) Давателот на субвенционираниот студентски оброк дневно и месечно води евиденција за вкупниот број и вредноста на искористени субвенционирани студентски оброци.

(5) За податоците од евиденцијата од ставот (4) на овој член давателот на субвенционираниот студентски оброк најдоцна до 15 во тековниот месец за претходниот месец го известува одделението.

Член 12

(1) Надзорот над спроведувањето на правото на субвенциониран студентски оброк вклучува особено проверка на наменското и рационалното користење на буџетските средства во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и надзор над извршувањето на договорите склучени со давателите на субвенциониран студентски оброк.

(2) Надзорот од ставот (1) на овој член го врши одделението во министерството, согласно со закон.

(3) Ако при надзорот над работата на давателите на субвенционираниот студентски оброк се утврдат прекршоци, одделението може да изрече:

- писмена опомена,
- забрана за спроведување на субвенциониран студентски оброк за период од најмалку еден месец, а најмногу за шест месеци и
- раскинување на договорот со давателот на субвенциониран студентскиот оброк.

(4) Писмена опомена се изрекува ако кај давателот на субвенциониран студентски оброк прв пат се утврди прекршок.

(5) Забрана за спроведување на правото на субвенциониран студентски оброк за време од најмалку еден, а најмногу шест месеци се изрекува, ако кај давателот е повторно утврден два пати исти прекршок. Во зависност од тежината на прекршокот, се одредува и времетраење на санкцијата од ставот (3) на овој член.

(6) Раскинување на договорот со давателот на субвенциониран студентски оброк се врши од страна на министерството тогаш кога прекршокот е утврден по трет пат, односно кога во спроведувањето на договорот се утврди дека давателот не ги исполнува и основните услови од договорот за обезбедување на субвенциониран студентски оброк.

Член 13

Министерот за образование и наука со подзаконски акт подетално го уредува спроведувањето на правото на субвенциониран студентски оброк, плаќање на субвенцијата, водењето на евиденција и известување, како и надзорот над субвенционираниот студентски оброк.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 15 септември 2021 година.

---

**L I GJ**
**PËR SUBVENCIONIM TË SHUJTËS STUDENTORE**

I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

**Lënda**

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen e drejta e studentëve për shujtë studentore të subvencionuar, si dhe mënyra dhe kriteret e subvencionimit.

**Definicione**

Neni 2

Nocione të caktuara të përdorura në këtë ligj e kanë kuptimin si vijon:

1) "shujtë e subvencionuar e studentëve" është përkrahje financiare në shumë prej 120 denarësh, që studenti e merr nga Ministria e Arsimit dhe Shkencës për blerje të ushqimit të përgatitur;

2) "shfrytëzues të shujtës së subvencionuar të studentëve " janë studentët e rregullt të studimeve deridiplomike në universitetet shtetërore dhe private, shtetas të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe

3) "dhënës i shujtës së subvencionuar të studentëve " është person juridik me të cilin Ministria e Arsimit dhe Shkencës ka lidhur Marrëveshje.

Neni 3

(1) Punët profesionale-organizative gjatë subvencionimit të shujtës së studentëve, mbikëqyrjen, racionalitetin dhe efektivitetin në përdorimin e mjeteve, i kryen Ministria e Arsimit dhe Shkencës (në tekstin e mëtejmë: ministria).

(2) Për realizimin e punëve profesionale-organizative nga paragrafi (1) i këtij neni, në ministri me akt të veçantë do të formohet Seksionin për shujtë studentore (në tekstin e mëtejshëm: seksioni).

Neni 4

(1) Ministria lidh marrëveshje në bazë të shpalljes publike për zgjedhjen e ofruesve të shujtës së subvencionuar të studentëve që i plotësojnë kriteret e mëposhtme:

1) të jenë të regjistruar në përputhje me Ligjin për veprimtari hotelerike ose dyqane, në përputhje me Ligjin për tregti;

2) të posedojnë certifikatë nga institucion i pavarur për sistem HACCP të zbatuar;

3) çmimi i ushqimit për të cilin shfrytëzohet shujta e subvencionuar studentore është për së paku 10% më i ulët se çmimi gjatë shitjes së rregullt të tij;

4) shujtën e subvencionuar të studentëve, dhënësit e shujtës së subvencionuar të studentëve e përgatisin dhe e lëshojnë në qarkullim në përputhje me Rregulloren për standardet e ushqimit dhe shujtave të studentëve.

(2) Shpalljen publike nga paragrafi (1) i këtij neni Ministria e publikon në dy gazeta ditore të botuara në territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave njëra publikohet në gjuhën që e flasin së paku 20% e popullsisë të ndryshme nga gjuha maqedonase.

(3) Dhënësit e shujtës së subvencionuar të studentëve në Ministri dorëzojnë fletëparaqitje për përmbushjen e kritereve nga paragrafi (1) i këtij neni.

(4) Nëse plotësohen kriteret nga paragrafi (1) i këtij neni, Ministria lidh marrëveshje me dhënësin e shujtës së subvencionuar studentore në afat prej 15 ditësh nga dorëzimi i fletëparaqitjes.

(5) Formën dhe përmbajtjen e fletëparaqitjes nga paragrafi (3) i këtij neni i përcakton ministri i Arsimit dhe Shkencës në afat prej nëntë muajve nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

(6) Formën dhe përmbajtjen e Rregullores nga paragrafi (1) pika 4) e këtij neni i përcakton ministri i Arsimit dhe Shkencës.

II. MËNYRA E SUBVENCIONIMIT

Neni 5

(1) Subvencionimi i shujtës studentore kryhet në periudha të përcaktuara saktë nga viti dhe muaji dhe në kohë të përcaktuar saktë të ditës, tek dhënës i regjistruar i shujtës së subvencionuar studentore.

(2) Pagimin e shërbimit te dhënës i regjistruar i shujtës së subvencionuar studentore nga paragrafi (1) i këtij neni, shfrytëzuesi e kryen nëpërmjet kartelës digjitale ose telefonit celular.

(3) Shfrytëzuesit kanë të drejtë shërbimin ta shfrytëzojnë nga e hëna deri të premten në periudhë prej orës 08:00 deri 20:00.

(4) Nëse shfrytëzuesi i shujtës së subvencionuar studentore në periudhën nga paragrafi (3) i këtij neni nuk e shfrytëzon të drejtën e subvencionit të shujtës së subvencionuar studentore, shuma e subvencionimit nuk do t'i bartet ditën e ardhshme.

(5) Të drejtën për shujtë studentore të subvencionuar shfrytëzuesi nuk mund ta realizojë në periudhën nga 1 korriku deri më 14 shtator në vitin në të cilin e ka fituar të drejtën e subvencionit të shujtës studentore, si dhe gjatë kohës së festave shtetërore dhe fetare dhe ditëve jopune.

(6) Të drejtën për shujtë studentore të subvencionuar shfrytëzuesi nuk mund ta shfrytëzojë dy ditë të njëpasnjëshme te dhënës i njëjtë i shujtës së subvencionuar studentore, përveç në mjediset ku ka vetëm një dhënës të shërbimit.

Neni 6

(1) Dizajnin dhe shtypjen e kartave digjitale në përputhje me Ligjin për prokurime publike e kryen Ministria e Arsimit dhe Shkencës.

(2) Marrëveshjen për shfrytëzimin e të drejtës së shujtës së subvencionuar studentore përmes telefonit celular, në procedurë për prokurim publik në pajtim me Ligjin për prokurime publike, dhe rregullat tjera nga sfera e prokurimeve publike, e lidh Ministria e Arsimit dhe Shkencës me operatorin ekonomik i cili duhet të sigurojë kushte për regjistrim të shërbimit të dhënë nga dhënësit e shujtës së subvencionuar studentore.

Neni 7

(1) Shuma e subvencionit të shujtës studentore është 120 denarë në ditë në bazë të mënyrës dhe procedurës së rregulluar me këtë ligj.

(2) Mënyrën e dhënies së llogarisë fiskale gjatë shfrytëzimit të shujtës së subvencionuar studentore me akt nënligjor e përcakton ministri i Financave.

Neni 8

Subvencionimi i shujtës studentore kryhet nga mjetet të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë së Veriut të cilat përdoren vetëm për këtë qëllim.

Neni 9

(1) Shfrytëzuesit e shujtës së subvencionuar studentore janë studentë të rregullt në studime deridiplomike në universitete shtetërore dhe private, shtetas të Republikës së Maqedonisë së Veriut që:

a) nuk janë në marrëdhënie të rregullt pune;

b) nuk janë regjistruar si bujq individualë dhe

v) nuk kanë të ardhura mujore në çfarëdo baze më të mëdha se paga minimale neto në Republikë për vitin rrjedhës.

(2) Autenticitetin e të dhënave nga paragrafi (1) i këtij neni studenti e vërteton me deklaratë të saktësisë së të dhënave të futura, të cilën e dërgon në shërbimin studentor të fakultetit, gjatë regjistrimit në vitin akademik rrjedhës.

(3) Formën dhe përmbajtjen e deklaratës nga paragrafi (2) e përcakton ministri i Arsimit dhe Shkencës në afat prej nëntë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi e ligjit.

(4) Mënyrën dhe kushtet në procedurën e aplikimit për shfrytëzuesit e shujtës së subvencionuar studentore me akt nënligjor e përcakton ministri i Arsimit dhe Shkencës.

Neni 10

(1) Regjistrimi i shfrytëzuesve të shujtës studentore të subvencionuar kryhet me plotësimin e fletëparaqitje së veçantë për regjistrim të cilën studenti e paraqet gjatë regjistrimit në vitin rrjedhës akademik, e me të cilën gjithashtu kryhet edhe paraqitja e numrit të telefonit të studentit dhe vendosja e tij në sistem. Fletëparaqitja përmban pëlqim për shfrytëzimin e të dhënave personale të parashtruesit edhe nga anëtarët e familjes, prindërve, kujdestarëve ose bashkëshortit, si dhe deklaratë për saktësinë e të dhënave të vendosura në të.

(2) Shërbimi i studentëve i fakultetit, fletëparaqitjet për marrjen e së drejtës së shujtës së subvencionuar i përpunon në mënyrë elektronike me futjen e të dhënave nga fletëparaqitja në format elektronik dhe në afat prej tri ditësh nga mbarimi i afatit për aplikim të studentëve i dorëzon në bashku me dëshmitë i dorëzon në Ministrinë e Arsimit dhe Shkencës në formë elektronike dhe në letër të cilave ua bashkëngjet vërtetimin pëe student të rregullt në ciklin e parë të studimeve në institucionet e arsimit të lartë në Republikën e Maqedonisë së Veriut .

(3) Seksioni i studentëve që kanë aplikuar dhe i plotësojnë kushtet për të fituar të drejtën e shujtës studentore të subvencionuar, mban evidencë elektronike për të dhënat dhe deklaratat nga neni 9 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji dhe fletëparaqitjen nga paragrafi (1) i këtij neni.

(4) Formën, përmbajtjen dhe formularin e fletëparaqitjes për marrjen e të drejtës për shujtë studentore të subvencionuar nga paragrafi (1) i këtij neni, i përcakton ministri i Arsimit dhe Shkencës.

Neni 11

(1) Seksioni nga neni 3 paragrafi (2) i këtij ligji me qëllim që të mundësohet realizimi i të drejtës për shujtë të subvencionuar studentore, mban evidencë të shfrytëzuesve të së drejtës për shujtë studentore të subvencionuar, në të cilën përpunohen të dhënat personale si vijojnë:

- emri personal i shfrytëzuesit,

- NUAQ,

- numri i telefonit celular, kur studenti e shfrytëzon të drejtën e shujtës studentore të subvencionuar me shfrytëzimin e telefonit celular,

- e-mail adresa ose numri i telefonit celular për njoftimin për të drejtën e shfrytëzimit dhe mënyrën e funksionimit të sistemit të shujtës studentore të subvencionuar, në bazë të pëlqimit të shfrytëzuesit të shujtës studentore të subvencionuar,

- periudha në të cilën studenti ka të drejtë të shujtës studentore të subvencionuar,

- numri i shujtave të subvencionuara për të cilat studenti ka të drejtë në muaj, dhe - numri i shujtave të subvencionuara, që janë shfryëzuar nga dhënës individual në muaj të caktuar.

(2) Seksioni e çregjistron personin nga evidenca e shfrytëzuesve të shujtës studentore të subvencionuar, kur do të konstatojë se tanimë nuk i plotëson kushtet për shfrytëzimin e shujtës studentore të subvencionuar.

(3) Seksioni gjithashtu mban evidencë të dhënësve të shujtës studentore të subvencionuar, në të cilën janë përpunuar të dhënat si vijojnë:

- emërtimi dhe selia e personit juridik,

- emri personal dhe numri i telefonit të personit përgjegjës në personin juridik,

- numri i shujtave të subvencionuara studentore në muaj të caktuar dhe

- evidenca e llogaritjeve të përgjithshme mujore (faturave) të shujtës së subvencionuar studentore.

(4) Dhënësi i shujtës studentore së subvencionuar në ditë dhe muaj mban evidencë për numrin e përgjithshëm dhe vlerën e shujtave të shfrytëzuara të subvencionuara studentore.

(5) Për të dhënat nga evidenca nga paragrafi (4) i këtij neni dhënësi i shujtës së subvencionuar studentore më së voni deri më 15 të muajit rrjedhës për muajin paraprak e njofton seksionin.

Neni 12

(1) Mbikëqyrja e zbatimit të së drejtës së shujtës studentore të subvencionuar përfshin në veçanti kontroll të përdorimit të dedikuar dhe racional të mjeteve buxhetore, në përputhje me këtë ligj dhe rregullat e miratuara sipas tij, si dhe mbikëqyrje të realizimit të kontratave të lidhura me ofruesit e shujtës studentore të subvencionuar.

(2) Mbikëqyrjen nga paragrafi (1) të këtij neni, e kryen seksioni në Ministri, në pajtim me ligjin për arsim dhe shkencë.

(3) Nëse gjatë mbikëqyrjes së punës së ofruesve të shujtës studentore të subvencionuar konstatohen shkelje, seksioni mund të shqiptojë:

- vërejtje me shkrim,

- ndalim për realizimin e shujtës studentore të subvencionuar për periudhën prej së paku një muaj, e më së shumti gjashtë muaj,

- prishjen e kontratës me dhënësin e shujtës studentore.

(4) Vërejtja me shkrim shqiptohet nëse te dhënësi i shujtës studentore të subvencionuar për herë të parë konstatohet kundërvajtje.

(5) Ndalim për zbatimin e të drejtës për shujtë studentore të subvencionuar për periudhë prej së paku një muaj, e më së shumti gjashtë muaj shqiptohet, nëse te dhënësi është konstatuar dy herë kundërvajtja e njëjtë. Në varësi të peshës së kundërvajtjes, përcaktohet edhe kohëzgjatja e sanksionit nga paragrafi (3) i këtij neni.

(6) Prishja e kontratës me ofruesin e shujtës studentore të subvencionuar kryhet nga Ministria e Arsimit dhe Shkencës, atëherë kur kundërvajtja përcaktohet për herë të tretë, respektivisht kur në zbatimin e marrëveshjes përcaktohet se ofruesi nuk i plotëson edhe kushtet themelore të marrëveshjes për sigurimin e shujtës studentore të subvencionuar.

Neni 13

Ministri i Arsimit dhe Shkencës me akte nënligjore më hollësisht e rregullon zbatimin e të drejtës për shujtë studentore të subvencionuar, pagesën e subvencionit, mbajtjen e evidencës dhe njoftimin, si dhe mbikëqyrjen mbi shujtën studentore të subvencionuar.

DISPOZITA KALIMTARE DHE TË FUNDIT

Neni 14

Aktet nënligjore të parapara në këtë ligj do të miratohen në afat prej nëntë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 15

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", kurse do të fillojë të zbatohet nga 15 shtatori 2021.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**594.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 и член 149 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019) и член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/2019 и 212/2019), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 10.2.2020 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 65,50 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 67,50 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 57,50 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 46,00 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 32,894 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени од став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно став (1) на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, кои изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 26,468 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 28,240 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 26,688 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 26,218 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 25,986 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, кој за Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 5,600 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 5,551 денари/литар, за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 5,539 денари/литар, додека за мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 1,00 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука, со исклучок за мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно член 184 став 2 алинеја 2 од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно член 24 став (3) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно член 92 ставови (3) и (7) од Законот за акцизите, изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 21,720 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 21,692 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 15,361 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 6,136 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС - | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе започне да се применува од 00:01 часот на 11.2.2020 година и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-382/1
10 февруари 2020 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**595.**

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување Закон за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/16, 171/2017 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 275/2019) и Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 130/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 6 февруари 2020 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА ЗА КОИ ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА МОЖАТ ДА ОСТВАРАТ ПРАВО НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во член 2 од Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 18/2004, 76/2004, 56/2006, 61/2006, 1/2007, 62/2007, 115/2007, 132/2007, 14/2008, 37/2008, 132/2008, 88/2009, 131/2009, 16/2010, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 151/2013, 10/2014, 189/2014, 167/2016, 129/2018, 228/2018, 10/2019, 44/2019 и „Сл.весник на РСМ“ бр 82/2019, 222/2019 и 239/2019) се утврдуваат референтни цени за следните помагала:

По редниот број 46-д се додава следната табела:

| ПРОТЕЗИ ЗА РАЦЕ | | |
|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови** | **Единечна цена со сите давачки** |
| 46ѓ | Надлакотна мултифункционална протеза со миоелектронска лакотна единица контролирана од микропроцесор и мултифункционална миоелектронска шака | 3.840.310,00 |

По редниот број 110-а се додава следната табела:

| ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ | | |
|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови** | **Единечна цена со сите давачки** |
| 110-б | Стандардна лесна инвалидска количка | 30.119,00 |
| 110-в | Активна инвалидска количка | 69.855,00 |

По редниот број 130 се додава следната табела:

| ОРТОПЕДСКИ ЧЕВЛИ | | |
|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови** | **Единечна цена со сите давачки** |
| 130-а | Чевли кај скратување на екстремитети над 6 см | 10.870,00 |

По редниот број 188 се додава следната табела:

| ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СПРАВИ | | |
|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови** | **Единечна цена со сите давачки** |
| **188-а** | Силиконски фоли катетер (100% силиконски) | 260,43 |
| 188-б | Кеси со испуст за силиконски фоли катетер | 17,36 |

По редниот број 189 се додава следната табела:

| ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СПРАВИ | | |
|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови** | **Единечна цена со сите давачки** |
| **189-а** | Хидрофилен катетер | **66,52** |

По редниот број 183-В се додава следната табела:

| СЛУШНИ ПОМАГАЛА | | |
|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови** | **Единечна цена со сите давачки** |
| **183 Г** | Говорен процесор | 538.725,00 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-2843/1 | Управен одбор |
| 7 февруари 2020 година | Претседател, |
| Скопје | **Дејан Николовски,** с.р. |

---

**596.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 а во врска со член 9 став 1 под б точка 3 и член 10 точка 6 од Законот за здравственото осигурување ("Сл.весник на РМ"бр. број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/16, 171/2017 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 275/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 6 февруари 2020 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА**

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала (Сл. весник на РМ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019, 20/2019, 44/2019, „Сл.весник на РСМ“ бр 82/2019, 222/2019 и 239/2019 ), во членот 2 ставот 2 се брише.

Ставовите 3,4 и 5 стануваат 2, 3 и 4.

Член 2

„Во членот 5 во став 2 по бројот „27,“ се додава бројот „27-а,“ а по бројот „28,“ се додава бројот „28-а“.

Член 3

„Во членот 6 во став 1 по бројот „27,“ се додава бројот „27-а“.

Во членот 6 ставот 3 се менува и гласи:

„За помагалата од член 43 став 1 точка 1, 2, 8 и 9 и став 2, став 3 и став 4 издадениот предлог од лекар специјалист ги потврдува Лекарската комисија на Фондот со наод и мислење за потребата за користење на помагалото.“

„Во членот 6 во став 5 по бројот „27,“ се додава бројот „27-а“.

Член 4

Во членот 11 од овој Правилник, ставот 7 се брише.

Член 5

По членот 11, се додава нов член 11-а кој гласи:

„Осигуреното лице кое остварило право на ортопедско и друго помагало според индикациите утврдени со овој Правилник, може да ја доплати разликата од утврдената референтна цена од страна на Фондот до набавната цена, ако бара подигање на помагало изработено од надстандарден материјал”.

Во случаите наведени во ставот 1 од овој член, правното лице од каде што е подигнато помагалото, дополнително доставува до Фондот и потврда за подигање на помагало од надстандарден материјал (образец ПНП) и изјава од осигуреното лице или друго лице (образец ИНП), кои се составен дел на овој Правилник.

Поправката на помагалата опфатени во ставот 1 од овој член, не е на товар на средствата на Фондот.“

Член 6

Во членот 14 се додава нов став 3 кој гласи:

„Осигуреното лице кое го има остварено правото на ортопедско и друго помагало од член 11-а на овој правилник, при подигнување на помагало од надстандарден материјал ја плаќа висината на учеството утврдена за помагалото кое му е одобрено од страна на Фондот.“

Член 7

Во членот 18 после ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Осигуреното лице на кое му недостасува една рака, повеќе од 2/3 и кај кое е вграден имплант а другата е потполно одземена или деформирана и заради тоа не е во функција и кое според индикациите неможе да користи протези од член 16 на овој Правилник може да оствари право на ортопедско помагало надлакотна мултифункционална протеза со миоелектронска лакотна единица контролирана од микропроцесор и мултифункционална миоелектронска шака“

Во членот 18 ставот 3 се менува и гласи:

„Протезите од став 1, 2 и 3 на овој член може да се одобрат на осигуреното лице по навршени шест години возраст.“

Во членот 18 ставот 4 се менува и гласи:

„Правото на протезите од став 1, 2 и 3 на овој член се остварува врз основа на оценка и наод на Лекарска комисија на Фондот по претходно набавено конзилијарно мислење за можност на нејзина примена и функција.“

Во членот 18 ставовите 3 и 4 стануваат 4 и 5.

Член 8

Во членот 21 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Рокот на траењето на протезите од член 18 став 3 од овој Правилник изнесува:

- за осигурени лица, деца над 6 до 18 годишна возраст – 36 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 48 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 60 месеци.“

Член 9

Под членот 27, се додава нов член 27-а кој гласи:

„На осигуреното лице кое трајно користи инвалидска количка му се одобрува стандардно лесна инвалидска количка која е наведена во Списокот на ортопедски и други помагала.

Како стандардно лесна инвалидска количка во смисол на став 1 на овој член се смета количка изработена од рам од алуминиум, тежина до 17 кг за најмалата широчина на количката заедно со потпирачи за нозе подесливи по висина, демонтирање на задни тркала без алат, стандардни ширини на седиште од 38 до 50 цм и балансер против превртување.

Право на активна инвалидска количка може да оствари осигуреното лице кое има функционален статус на двете раце, индикациите утврдени во Списокот на ортопедски и други помагала и исполнува еден од наведените критериуми и тоа:

- децата кои се на школување до 18, односно 26 годишна возраст;
- работен однос;
- врши дејност врз основа на која е осигурено и
- поседува возачка дозвола и може самостојно да управува со моторно возило.

Како активна инвалидска количка во смисол на став 3 на овој член се смета количка изработена од рам од алуминиум или друга лесна легура, тежина до 13 кг за најмалата широчина на количката заедно со потпирачи за нозе подесливи по висина, демонтирање на задни тркала без алат и штитници за задни тркала.

Правото на инвалидска количка се утврдува врз основа на специјалистички извештај и потврда пропишана од двајца лекари специјалисти, од кои едниот со специјалност по физијатрија или ортопедија, другиот со специјалност по физијатрија, ортопедија, неврологија, невропсихијатрија или хирургија, а го потврдува со наод и мислење Лекарската комисија на Фондот.“

Член 10

Во членот 28 став 2, зборот „редовно“ се брише.

Член 11

Членот 30 се менува и гласи:

„Лицата со параплегија, квадриплегија, церебрална парализа и мускулна дистрофија кои остваруваат или оствариле право на инвалидска количка имаат право на антидекубитално перниче полнето со воздух или гел со рок на траење од 48 месеци. Тие лица при остварување право за инвалидска количка немаат право на перниче од полиуретан со меموриска пена обложено со текстил.“

Член 12

Во членот 43 став 1 по точката 7, се додаваат точките 8 и 9 кои гласат:

„8) Хидрофилен катетер ( 120 месечно ) за лице кај кое не постои можност за своеволно празнење на мочниот меур и кои се оспособени за самокатетеризација што се потврдува со специјалистички извештај; “

„9) Силиконски фоли катетер ( 100% силикон ) (4 месечно) и кеси со испуст за силиконски фоли катетер ( 30 месечно) за лице кај кое не постои можност за своеволно празнење на мочниот меур и кои се оспособени за самокатетеризација што се потврдува со специјалистички извештај.“

Член 13

Во членот 55 ставот 1 се менува и гласи:

„Осигурените лица кои имаат вградено слушен имплант имаат право на 30 батерии месечно, а доколку се вградени два слушни импланти имаат право на 60 батерии месечно и приклучок според потребата.“

Член 14

По членот 55, се додава нов член 55-а кој гласи:

„Осигурените лица кои имаат вградено кохлеарен имплант имаат право на говорен процесор со сите надворешни составни делови.

Правото од став 1 на овој член се остварува со специјалистички извештај од Клиниката за уво, нос и грло во кое се потврдува дека осигуреното лице има вграден кохлеарен имплант, потврда издадена од лекар специјалист од горенаведената Клиника, потврда за потреба од ортопедско помагало издадена од Комисијата за ортопедски и други помагала при ФЗОРСМ и наод, оценка и мислење од Лекарската комисија на Фондот.“

Член 15

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ПРОТЕЗИ ЗА РАЦЕ по помагалото од вид 1, шифра 1611- Надлакатна мултифункционална протеза со миоелектронска шака и мехатронички лакотен зглоб со прекинувач командувана со притисок се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | потрошен материјал | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 1 | 1612 | **Надлакотна мултифункционална протеза со миоелектронска лакотна единица контролирана од микропроцесор и мултифункционална миоелектронска шака** | **Член 18** | **Ортопед Физијатар** | **36 над 6 години** | **36** | **48** | **60** | **Не** | **Лекарска комисија на фондот** | | **3.840.310,00** | **индивидуално** | Z89.2 стекнат недостиг на двата горни екстремитети над рачниот зглоб,<br>Z89.3 стекнат недостиг на двата горни екстремитети (кое било ниво)<br>Z89.8 стекнат недостиг на горни и долни екстремитети (на кое било ниво),<br>Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет (неозначено) ,<br>Q71.0 конгенитално комплетно отсуство на горен екстремитет (и) |

Член 16

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ по помагалото од вид 1, шифра 3108 - Електромоторна инвалидска количка-скутер се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | потрошен материјал | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 1 | 3109 | Стандардна лесна инвалидска количка | Член 27-а | **потврда од 1.физијатар или ортопед и 2.физијатар, ортопед, невролог, невропсихијатар или хирург; Лекарска комисија на Фондот** | 36 | 36 | 60 | 60 | Не | Лекарска комисија на Фондот | | 30.119,00 | **сериски** | Осигурени лица со:<br>- примарни заболувања на мускулите (G71; G71.0; G71.1; G71.2; G71.3; G71.8 и G71.9)<br>- церебрална парализа ( G80; G80.00; G80.01; G80.02; G80.03; G80.09; G80.3; G80.4; G80.8 и G80.9)<br>- параплегија (G82.0; G82.1 и G82.2)<br>- тетраплегија (G82.3; G82.4 и G82.5)<br>- Z89.5 стекнат недостиг на нога до и под колено<br>- Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено<br>- Z89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитети на кое било ниво освен прстите на нозе ( доколку неможе да се постави протеза)<br>- Z89.8 стекнат недостиг на горни и долни екстремитети (на кое било ниво)<br>(доколку неможе да се постави протеза)<br>- Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет (неозначено) (доколку неможе да се постави протеза) |
| 1 | 3110 | **Активна инвалидска количка** | **Член 27-а** | **потврда од 1.физијатар или ортопед и 2.физијатар, ортопед, невролог, невропсихијатар или хирург; Лекарска комисија на Фондот** | **36** | **36** | **60** | **60** | **Не** | **Лекарска комисија на Фондот** | | **69.855,00** | **сериски** | Осигурени лица со:<br>- примарни заболувања на мускулите (G71; G71.0; G71.1; G71.2; G71.3; G71.8 и G71.9)<br>- церебрална парализа ( G80; G80.00; G80.01; G80.02; G80.03; G80.09; G80.3; G80.4; G80.8 и G80.9)<br>- параплегија (G82.0; G82.1 и G82.2)<br>- Z89.5 стекнат недостиг на нога до и под колено<br>- Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено<br>- Z89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитети на кое било ниво освен прстите на нозе ( доколку неможе да се постави протеза)<br>- Z89.8 стекнат недостиг на горни и долни екстремитети (на кое било ниво)<br>(доколку неможе да се постави протеза)<br>- Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет (неозначено) ( доколку неможе да се постави протеза) |

Член 17

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ДОДАТОЦИ НА ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ од вид 1, шифра 3216 - Антидекубитус перниче полнето со воздух или гел се заменува со следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | потрошен материјал | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 1 | 3216 | **Антидекубитус перниче полнето со воздух или гел** | **Член 30** | **потврда од 1.физијатар или ортопед и 2.физијатар, ортопед, невролог, невропсихијатар или хирург; Лекарска комисија на Фондот** | **48** | **48** | **48** | **48** | **Не** | | | **12.977,00** | **сериски** | Осигурени лица со:<br>- примарни заболувања на мускулите (G71; G71.0; G71.1; G71.2; G71.3; G71.8 и G71.9)<br>- церебрална парализа ( G80; G80.00; G80.01; G80.02; G80.03; G80.09; G80.3; G80.4; G80.8 и G80.9)<br>- параплегија (G82.0; G82.1 и G82.2)<br>- тетраплегија (G82.3; G82.4 и G82.5)<br>- Z89.5 стекнат недостиг на нога до и под колено<br>- Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено<br>- Z89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитети на кое било ниво освен прстите на нозе<br>- Z89.8 стекнат недостиг на горни и долни екстремитети (на кое било ниво),<br>- Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет (неозначено) |

Член 18

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ОРТОПЕДСКИ ЧЕВЛИ помагалото од вид 1, шифра 4105 - Чевли кај скратување на екстремитети од 6-10 см и шифра 4106 - Чевли кај скратување на екстремитети над 10 см се бришат.

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ОРТОПЕДСКИ ЧЕВЛИ по помагалото од вид 1, шифра 4112 - Чевли отворен фудбалски тип за протези се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | потрошен материјал | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 1 | 4113 | **Чевли кај скратување на екстремитети над 6 см** | **Член 33** | **Ортопед Физијатар** | **6** | **9** | **12** | **12** | **10%** | | | **10.870,00** | **индивидуално** | **M21.7 нееднаква должина на екстремитет -стекната; Q72.8 конгенитално скратување на долен екстремитет.** |

Член 19

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СПРАВИ по помагалото од вид 1, шифра 8110 - Силиконска облога за рани 12,5х12,5 се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | потрошен материјал | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 1 | 8111 | **Хидрофилен катетер** | **Член 43** | **Избран лекар** | **1** | **1** | **1** | **1** | **Не** | | **120** | **66,52** | **сериско** | R32-Неозначена уринарна инконтиненција,<br>N39.4-Друга означена уринарна инконтиненција, Невромускулна дисфункција на мочен меур некласифицирана на друго место (N31.0-N31.9) |
| 1 | 8112 | **Силиконски фоли катетер ( 100% силикон)** | **Член 43** | **Избран лекар** | **1** | **1** | **1** | **1** | **Не** | | **4** | **260,43** | **сериски** | R32-Неозначена уринарна инконтиненција,<br>N39.4-Друга означена уринарна инконтиненција, Невромускулна дисфункција на мочен меур некласифицирана на друго место (N31.0-N31.9) |
| 1 | 8113 | **Кеси со испуст за силиконски фоли катетер** | **Член 43** | **Избран лекар** | **1** | **1** | **1** | **1** | **Не** | | **30** | **17,36** | **сериски** | R32-Неозначена уринарна инконтиненција,<br>N39.4-Друга означена уринарна инконтиненција, Невромускулна дисфункција на мочен меур некласифицирана на друго место (N31.0-N31.9) |

Член 20

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот СЛУШНИ ПОМАГАЛА по помагалото од вид 3, шифра 1106 - Приклучок се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | потрошен материјал | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 3 | 1107 | **Говорен процесор** | **Член 55-а** | **Клиника за уво нос и грло** | 84 | 84 | 84 | 84 | **Не** | Комисијата за ортопедски и други помагала при ФЗОРСМ и Лекарска комисија | | 538.725,00 | **сериски** | **H90 - Кондуктивно и сензоневрално губење на слухот<br>H91 - Друго губење на слухот** |

Член 21

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот ПРОТЕЗИ ЗА РАЦЕ по помагалото од вид 1, по шифра 1611 - Надлакотна мултифункционална протеза со миоелектронска шака и мехатронички лакотен зглоб со прекинувач командувана со притисок, се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 1 | 1612 | Надлакотна мултифункционална протеза со миоелектронска лакотна единица контролирана од микропроцесор и мултифункционална миоелектронска шака |

Член 22

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ по помагалото од вид 1, шифра 3108 - Електромоторна инвалидска количка-скутер се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 1 | 3109 | Стандардна лесна инвалидска количка |
| 1 | 3110 | Активна инвалидска количка |

Член 23

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот ОРТОПЕДСКИ ЧЕВЛИ по помагалото од вид 1, шифра 4112 - Чевли отворен фудбалски тип за протези се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 1 | 4113 | Чевли кај скратување на екстремитети над 6 см |

Член 24

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СПРАВИ по помагалото од вид 1, шифра 8110 - Силиконска облога за рани 12,5x12,5 се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 1 | 8111 | Хидрофилен катетер |
| 1 | 8112 | Силиконски фоли катетер ( 100% силикон) |
| 1 | 8113 | Кеси со испуст за силиконски фоли катетер |

Член 25

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот СЛУШНИ ПОМАГАЛА по помагалото од вид 3, шифра 1106 - Приклучок се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 3 | 1107 | Говорен процесор |

Член 26

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2843/2
7 февруари 2020 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Дејан Николовски,** с.р.

**Образец ПНП -потврда за подигање на помагало од надстандарден материјал**

**Назив на правното лице**

____________________

**Работна единица/специјализирана продавница**

____________________

**Седиште**

____________________

# ПОТВРДА

Правното лице ____________, потврдува дека осигуреното лице ____________, со ЕМБГ,__________, од населено место ___________, Ул.______________________ бр. _______________, со заверена потврда од страна на Фондот со бр.________ со шифра на помагало бр.______, се согласи да подигне ортопедско или друго помагало од надстандарден материјал со следниот опис: ________________________________________________________________________

____________________________________________________________ за кое му се наплатени дополнителни средства во износ од ______________ денари.

Прилог:

Изјава од осигуреното лице

| | | |
|---|---|---|
| Место и дата | М.П. | Овластено лице |
| ______________ | | ____________________ |

Образец ИНП- изјава за подигање на помагало од надстандарден материјал

## ИЗЈАВА

Од осигуреникот ______________________, со ЕМБГ _____________од населено место ___________, Ул.______________________ бр. _______________, изјавувам дека се согласувам да подигнам ортопедско или друго помагало изработено од надстандарден материјал наведено во потврдата ___________ издадена од правното лице_________________.

Разликата од утврдената референтна цена од страна на Фондот до набавната цена, ќе ја доплатам со сопствени средства и за истите нема да барам надоместок од страна на Фондот.

Место и дата

___________________________

Изјавил,

___________________________

*во случај кога станува збор за малолетно лице, изјавата ја потпишува родителот/старателот.

Образец ИНП-1- изјава за подигање на помагало од надстандарден материјал од друго лице

# И З Ј А В А

Од лицето ________________________, со ЕМБГ ____________од населено место ___________, ул.________________________ бр. ________, изјавувам дека се согласувам да подигнам ортопедско или друго помагало изработено од надстандарден материјал наведено во потврдата ____________ издадена од правното лице_________________, за осигуреното лице со ЕМБГ ______________од населено место ____________, ул.________________________ бр. _______________.

Разликата од утврдената референтна цена од страна на Фондот до набавната цена, ќе ја доплатам со сопствени средства и за истите нема да барам надоместок од страна на Фондот.

Место и дата                  Изјавил,

________________________          ________________________

Комисија за ортопедски и други помагала при ФЗОРСМ

Бр.____________________

Дата ________________

**ПОТВРДА**

за потреба од ортопедско помагало – говорен процесор ( образец ПГОП )

Се потврдува потреба од ортопедско помагало – говорен процесор со шифра 1107 на осигуреното лице ________________________________, со ЕМБГ, ______________________, од населено место ____________, Ул.___________________________ бр. _________________, врз основа на специјалистички извештај број ___________________ издаден на дата ________________ и потврда за потреба од ортопедско помагало – говорен процесор со број ___________ издадена на дата ______________ од Клиниката за уво, нос и грло.

Место и дата

М.П.

Членови на Комисија за ортопедски и други помагала при ФЗОРСМ

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

________________________________

# АД ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ М-НАВ АД СКОПЈЕ

**597.**

Врз основа на член 22, 287, 418 став (3) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје донесена од Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" број 24/20), Надзорниот одбор на Друштвото, го утврди Пречистениот текст на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

Пречистениот текст на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје ги опфаќа: Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација („Службен весник на Република Македонија" број 139/08), Одлука за изменување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација („Службен весник на Република Македонија" број 69/09), Одлука за изменување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација („Службен весник на Република Македонија" број 173/14), Одлука за дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација („Службен весник на Република Македонија" број 202/14), Одлука за дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација („Службен весник на Република Македонија" број 28/15), Одлука за изменување на Статутот на Акционерско друштво во друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација („Службен весник на Република Северна Македонија" број 70/19), Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" број 24/20), како и Одлука за зголемување на основната главнина од средствата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Мралино, Илинден со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда со емисија на нови акции број 42-8545/1 од 25.08.2015 година, Одлука за зголемување на основната главнина од средствата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда со емисија на нови акции број 42-6413/1 од 30.08.2016 година и Одлука за зголемување на основната главнина од средствата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда - четврта емисија на акции број 45-7136/1 од 10.12.2019 година.

## С Т А Т У Т НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД СКОПЈЕ (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

### I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет и основање**

Член 1

Со овој Статут се уредуваат: фирмата и седиштето на Друштвото, заштитниот знак, печатот и штембилот, предметот на работење на Друштвото, износот на основната главнина, номиналната вредност на акциите, бројот на акциите, положбата, правата и ограничувањата на акционерот, обврските, ограничувањата и погодностите, постапката за свикување и одржување на собранието, фирмата, седиштето, ЕМБС на основачот, видот, составот и начинот на избор на органот на управување, односно на надзорниот одбор и нивната надлежност, внатрешната организација, формата и начинот на објавувањата што ги врши Друштвото, како и други прашања што се од значење за Друштвото.

Член 2

Друштвото го основа Република Северна Македонија.

Во име на основачот, Владата на Република Северна Македонија ги презема без јавен повик сите акции и потпишува изјава.

Правата и обврските на Друштвото се утврдени со одредбите на Законот за трговските друштва, Законот за воздухопловство и одредбите на овој Статут.

**Времетраење**

Член 3

Друштвото се основа на неопределено време на траење.

**Фирма, печат, штембил и заштитен знак**

Член 4

Акционерското друштво ќе работи и ќе учествува во правниот промет под фирма:

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

Скратен назив на фирмата е: „М-НАВ" А.Д. – Скопје.

Називот на Друштвото се пишува и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо и гласи: „Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Kryerjen e Veprimtarisë së Dhënies së Shërbimeve në Navigacionin Ajror M-NAV SHA Shkup.

Скратениот назив на фирмата на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо гласи: M-NAV SHA Shkup.

Во правниот промет со странство називот на Друштвото е "M-NAV" Air Navigation Service Provider of the Republic of North Macedonia, GOJSC.

Член 5

Друштвото има печат, штембил и заштитен знак.

Печатот е со округла форма во кој е впишан полниот назив на фирмата и заштитниот знак.

Друштвото има и мал печат во кој е впишан скратениот назив на фирмата.

Штембилот има правоаголна форма со полниот назив на Друштвото, со ознака на број и датум.

Заштитниот знак се употребува на меморандумот, рекламите и другиот пропаганден материјал и во други случаи.

Формата и изгледот на печат, штембилот и заштитниот знак поблиску се уредуваат со Правилникот за печат, штембил и заштитен знак што го донесува Управниот одбор на Друштвото.

**Седиште на Друштвото**

Член 6

Седиштето на Друштвото е во општина Илинден, улица Босфор број 7.

**Предмет на работење**

Член 7

Предмет на работење на Друштвото се следните дејности:

1.Давање на услуги на воздухопловната навигација (ANS – Air Navigation Services) како приоритетна дејност на Друштвото, која опфаќа:

1.1 АТМ услуги (Air Traffic Management) и тоа:

а) АТС услуги (ATS-Air Traffic Services):

-контрола на летање (АТС –Air Traffic Control), која се дава на воздухопловите преку издавање на одобренија и инструкции на надлежната контрола на летање за да се овозможи безбеден, редовен и брз проток на воздушниот собраќај;

-информирање во лет (FIS-Flight Information Service), која се дава преку издавање на информации значајни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај; и

-тревожење (ALRT – Alerting Service) која се дава за воздухоплов кој има потреба од потрага и спасување преку известување и координирање на надлежните субјекти.

б) регулирање на протокот на воздушен сообраќај (ATFM – Air Traffics Flow Management), која се дава за да се овозможи максимално искористување на капацитетот на контролата на летање и обемот на сообраќајот;

в) организација на воздушниот простор (ASM – Air Space Management), која се дава за да се обезбеди максимално и флексибилно искористување на воздушниот простор за сите корисници и

г) мрежни функции (Network functions) се услуги кои се даваат со цел обезбедување на детални аранжмани за донесување на заеднички одлуки помеѓу земјите членки, давателите на услуги на воздухопловна навигација и функцијата за управување со мрежата.

1.2. услуги на воздухопловно информирање (AIS-Aeronautical Information Service), кои опфаќаат: собирање, обработка и дистрибуција на воздухопловните информации, итни известувања, воздухопловен информативен циркулар, воздухопловни карти и постапки и процедури за летање;

1.3. метеролошките услуги кои опфаќаат собирање, обработка и дистрибуција на метеролошки информации, метеролошка прогноза, метеролошки известувања и метеролошки предупредувања; и

1.4. поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација што подразбира превентивно и корективно одржување, приспособување, калибрирање, мониторирање, надгледување, управување, поставување и воведување во работа, како и развој и измена на процедури и упатства за работа и одржување на оперативните технички средства во состојба која овозможува безбеден и уреден воздушен сообраќај (CNS Services).

2. Водење на евиденција, собирање, обработка и проследување на податоци кои се користат за наплата на надоместоци од услугите на воздухопловна навигација.

3. Изготвување и редовно ажурирање на Зборникот на воздухопловни информации.

4. Обука на АНС персонал.

II. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Член 8

Основната главнина на Друштвото изнесува 1.552.034.000,00 денари или 25.226.275,71 евра поделени на 1.552.034 обични акции со номинална вредност од 1.000,00 денари за една акција.

**Зголемување на основната главнина**

Член 9

Основната главнина може да се зголемува со:

-издавање на нови акции;

-со одобрен капитал;

-со средства на Друштвото;

-со условно зголемување на основната главнина.

Член 10

Одлука за зголемување на основната главнина донесува Собранието на Друштвото.

III. ФИРМА, СЕДИШТЕ И ЕМБС НА ОСНОВАЧОТ

Член 11

Фирмата на основачот е Влада на Република Северна Македонија,

Седиште на основачот е во Скопје на ул. Илинденска б.б.

Матичен број на основачот е 4064674.

IV. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

Член 12

Органи на Друштвото се:

-Собрание,

-Управен одбор,

-Надзорен одбор.

V. СОБРАНИЕ

Член 13

Правата и обврските на Собранието на друштвото ги врши Владата на Република Северна Македонија.

Член 14

Собранието на друштвото се свикува под услови и случаи определени со Законот за трговски друштва.

**Надлежности на Собранието**

Член 15

Собранието одлучува само за прашањата изрично определени со закон и со овој статут, а особено за:

1. Донесување и измени на статутот на Друштвото;

2. Одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;

3. избор и отповикување на членовите на Надзорниот одбор;

4. одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Управниот одбор и на надзорниот одбор, при што за одобрување на работата на членовите на органите на Друштвото се гласа оделно за секој член на органот;

5. одобрување на менаџерскиот договор што се склучува помеѓу Друштвото и член на Управен одбор;

6. зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото;

7. издавање акции и други хартии од вредност;

8. назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;

9. преобразба на Друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на Друштвото;

10. престанок на Друштвото;

11. одлучување за покривање на загубите.

## VI. УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТО

Член 16

Управувањето со Друштвото е организирано според двостепениот систем.

Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор.

**Состав и избор на членови на Управен одбор**

Член 17

Управниот одбор е составен од 3 члена. Надзорниот одбор, ги избира членовите на Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број гласови. Со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, еден од членовите на управниот одбор се именува за Претседател на Управниот одбор.

Еден од членовите на Управниот одбор ја води, организира и е одговорен за давање на услуги во воздухопловната навигација и носи назив, извршен директор за воздухопловната навигација. Членот се избира од редовите на вработените и мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејноста на Друштвото, да поседува валидна дозвола на надзорен контролор на летање и најмалку 6 годишно работно искуство како надзорен контролор на летање.

Еден од членовите на Управниот одобор ја води, организира и е одговорен за техничките средства во воздухопловната навигација и носи назив, извршен директор за воздухопловна техника.Членот се избира од редовите на вработените и мора да има стручни знаења, способности и искуство од организирање и водење на дејноста на Друштвото, да поседува валидна дозвола на воздухопловно-технички персонал и најмалку 6 годишно работно искуство како воздухопловно – технички персонал.

Еден од членовите на Управниот одбор ги води и врши финансиските работи, правните работи, развој и инвестиции и е одговорен за финансиското работење, правното работење, развој и инвестиции и носи назив, извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инестиции. Членот мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејноста на Друштвото и најмалку 6 годишно работно искуство во соодветна дејност.

Членовите на Управниот одбор се избираат за време од 4 години со право на реизбор.

Членот на Управниот одбор не може да биде избран за член на управен одбор односно за извршен член на одбор на директори на други акционерски друштва со седиште во Република Северна Македонија.

**Еднаква положба на членовите на Управниот одбор**

Член 18

Членовите на Управниот одбор имаат исти права и обврски, без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот. Работите ги вршат според овластувањата определени со закон и според работите што им се доверени со закон и со овој Статут.

Управниот одбор на својот конститутивен состанок донесува Деловник за работа.

**Права и обврски на членовите на Управниот одбор**

Член 19

Правата и обврските на членовите на Управниот одбор, покрај правата и обврските определени со закон, може да се определат со Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и член на Управен одбор (Менаџерски договор).

Договорот од став 1 од овој член го склучува надзорниот одбор по претходно добиено одобрение од Собранието на друштвото, а го потпишува претседателот на надзорниот одбор.

**Надлежност на Управниот одбор**

Член 20

Управниот одбор во рамките на својата надлежност, ги врши следните работи:

- ја утврдува деловната политика;
- донесува Програма за работа и развоен план на Друштвото, Годишен оперативен план за работа, Годишен финансиски план, Годишен план за јавни набавки, Програма за инвестициони вложувања;
- поднесува тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење на Друштвото до Надзорниот одбор и до Собранието на друштвото;
- го усвојува елаборатот за пописот на средствата, побарувањата и обврските на Друштвото;
- поднесува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото по истекот на деловната година;
- одлучува за расходување и оттуѓување на основни средства;
- поднесува предлог за изменување и дополнување на Статутот;
- донесува одлуки за инвестиции;
- донесува одлуки за одобрување на договори за инвестициони вложувања;
- одобрува склучување на договори од поголемо значење и со подолг период на траење;
- донесува одлука за употреба на посебната резерва заради покривање на загубата на Друштвото;
- одлучува за вршење отпис на средствата, побарувањата и обврските;
- одлучува за склучување на колективен договор;
- одлучува за внатрешната организација и систематизација на работните места;
